МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ

„ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“

СВЕТИ НИКОЛЕ – БИТОЛА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ФАКУЛТЕТ ЗА ПСИХОЛОГИЈА

СТУДИСКА ПРОГРАМА: КЛИНИЧКА И СОВЕТОДАВНА ПСИХОЛОГИЈА

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

ТЕМА: ГЕРОНТОФИЛИЈА – ПАТОЛОГИЈА ИЛИ ЕРОС

/ОД АСПЕКТОТ НА РЕЛАЦИИ ПОМЕЃУ СЕМЕЈНАТА КОХЕЗИЈА И РАЗЛИКИТЕ ВО ВОЗРАСТА НА СОПРУЖНИЦИТЕ/

МЕНТОР:

КАНДИДАТ:

Сунчица Здравкова

индекс бр. М183009

Св. Николе, 2021

СОДРЖИНА:

Апстракт.....3

Вовед.....7

1.Теоретски пристап кон проблемот..... 9

1.1 Дефинирање на основните поими..... 9

1.1.1 Геронтологија како подрачје на проучување на проблемот..... 10

1.1.2.Геронтофилијата како патологија..... 23

1.1.3.Геронтофилијата како ерос..... 50

1.2.Семејство – видови и карактеристики.....56

1.2.1.Фактори што влијаат врз семејната кохезија..... 73

2. Методолошка рамка на истражување..... 91

2.1 Формулирање на предметот и проблемот за истражување..... 91

2.2 Цели и задачи на истражувањето..... 92

2.3 Хипотези на истражување..... 93

2.4 Методи,техники и примерок на истражување..... 94

2.5 Карактеристика на местото на истражување..... 97

3.Резултати и интерпретација на податоците..... 99

Заклучок.....111

Литература.....114

Прилози.....118

Апстракт

Интимниот човеков живот во постмодерното време станува пикантерија за жолтиот печат. Сите сочни теми, меѓу кои и сексуалните определби, девијации и фетиши, се „јадат за појадок“. Црквата, од своја страна, го цензурира либерализмот како преголема слобода, која се дрзнува да влезе во интимниот сексуален свет, анатемисан од црковните догми.

Но современиот човек е сведок на сè поголеми дискрепанции во сфаќањето на различни појави, релации, мислења итн. Една од тие појави е геронтофилијата, за која сè повеќе се зборува. Постојат различни сфаќања за прикажаниот феномен, кои се граничат од ерос до патологија. Геронтофилијата може да биде разгледувана од различни аспекти – како ја разбираат и ја вреднуваат младите, како повозрасните луѓе, каков е ставот на различните верски групи, мислења од урбаното наспроти руралното население или што се случува во брачните заедници оформени од млади и повозрасни лица.

Во овој магистерски труд се оди уште подлабоко во расветлувањето на голем број аспекти на поимот геронтофилија. Се настојува да се согледаат релациите меѓу семејната кохезија и статусот на семејствата каде што еден од партнерите е мошне постар од другиот.

Цел на истражувањето беше потрага по одговор на прашањето како феноменот геронтофилија функционира во мал град, кој со себе си носи свои предрасуди и конзерватизам.

Примерокот што се користи е направен по случаен избор. Случајниот примерок го сочинуваат 64 лица (во брак) од различен пол, возраст, образовен профил, географско потекло (рурална и градска средина), различна етничка припадност и разлика на годините во брак. За да се потврдат основните тези посочени во планот на работа, беа формирани две целни групи од вкупно 64 брака – 32 брака со 10 и повеќе години разлика меѓу брачните партнери (либерални семејства) и 32 брака со разлика помала од 10 години меѓу брачните партнери (традиционални семејства на градот Св. Николе).

Во истражувањето е употребен тестот на D.Olson и сор. FACES III – трета

ревидирана форма. Информацијата за бракови со 10 и повеќе години разлика меѓу сопружниците е добиена со дозвола од матичната служба за оваа проблематика во градот Св. Николе.

Од истражувањата во магистерскиот труд се потврди поставената хипотеза дека традиционалните семејства се карактеризираат со поголема семејна кохезија за разлика од либералните семејства.

Клучни зборови: геронтологија, геронтофилија, парафилија, патологија, ерос, семејна кохезија.

Abstract

Intimate human life in postmodern times is becoming a spice for the yellow stamp. All juicy topics including sexual orientations, deviations and fetishes are "eaten" for breakfast. The Church, for its part, censors liberalism as too much freedom, which dares to enter the intimate sexual world, anathematized by church dogmas. But modern man is witnessing growing discrepancies in the understanding of various phenomena, relations, opinions, etc. One of those phenomena is gerontophilia, which is talked about more and more. There are different understandings of the displayed phenomenon, which range from eros to pathology. Gerontophilia can be viewed from a variety of perspectives — how it is understood and valued by young people, such as older people, the attitudes of different religious groups, the views of urban versus rural populations, or what happens in marriages of young and old alike.

In this master's thesis we go even deeper in the explanation of numerous aspects of the term gerontophilia. We try to understand the relations between family cohesion and the status of families where one of the partners is quite older than the other.

The aim of the research was to find an answer to the question of how the phenomenon of gerontophilia works in a small town that carries with it its own prejudices and conservatism. The sample used is randomly made. The random sample consists of 64 people (married) of different sex, age, educational profile, geographical origin (rural and urban environment), different ethnicity and difference in years of marriage. In order to confirm the basic theses indicated in the work plan, two target groups were formed, a total of 64 marriages -32 marriages with a difference of 10 years and more between spouses-liberal families and 32 marriages with a difference of less than 10 years between spouses-traditional families of the city of St. Nicholas

In the research, the test of D. Olson et al. FACES III -third revised form .. Information on marriages with 10 and more years difference between the spouses was obtained with permission from the registry office for this issue in the city of St. Nikole.

The research in the master's thesis confirmed the hypothesis that traditional families are characterized by greater family cohesion than liberal families.

Keywords - gerontology, gerontophilia, paraphilia, pathology, eros, family cohesion.

Аннотация

Интимная человеческая жизнь в постмодернистские времена становится приправой для желтой печати. Все пикантные темы, включая сексуальную ориентацию, отклонения и фетиши, «съедаются» на завтрак. Церковь, со своей стороны, подвергает цензуре либерализм как слишком большую свободу, которая осмеливается войти в интимный сексуальный мир, анафематствованный церковными догмами. Но современный человек становится свидетелем растущих расхождений в понимании различных явлений, отношений, мнений и т.д. Одно из таких явлений - геронтофилия, о которой говорят все чаще и чаще. Существуют разные понимания отображаемого явления, от эроса до патологии. Геронтофилию можно рассматривать с разных точек зрения: как ее понимают и ценят молодые люди, например, пожилые люди, отношения различных религиозных групп, взгляды городского и сельского населения или что происходит в браках молодых и старых. . В этой магистерской диссертации мы углубляемся в объяснение многочисленных аспектов термина геронтофилия и пытаемся понять взаимосвязь между семейной сплоченностью и статусом семей, в которых один из партнеров намного старше другого. Целью исследования было найти ответ на вопрос, как феномен геронтофилии работает в небольшом городке, несущем в себе собственные предрассудки и консерватизм. Используемая выборка составлена случайным образом. Случайная выборка состоит из 64 человек (состоящих в браке) разного пола, возраста, образовательного профиля, географического происхождения (сельская и городская среда), разной этнической принадлежности и разной продолжительности брака. Для подтверждения основных тезисов, указанных в плане работы, были сформированы две целевые группы, всего 64 брака -32 брака с разницей 10 лет и более между супругами-либеральными семьями и 32 брака с разницей менее 10 лет между супругами-традиционными семьями города Святого Николая.

В исследовании использовалась проверка D. Olson et al FACES III - третья переработанная форма. Информация о браках с разницей между супругами 10 и более лет была получена с разрешения ЗАГСа по этому вопросу в городе Св. Николе.

Исследования в магистерской диссертации подтвердили гипотезу о том, что традиционные семьи характеризуются большей сплоченностью, чем либеральные.

Ключевые слова: геронтология, геронтофилия, парафилия, патология, эрос, сплоченность семьи.

Вовед

Голотијата што е распослана на друштвените мрежи е прескокнување на сите фази на запознавање како задолжителни пред десетина години кога немаше „Фејсбук“. Сега има име, презиме, слика, димензија, брачен статус, имотна состојба, па дури и профилот на карактерот може да се дознае. Пораките од типот „Пробај нешто над 40 и нема никогаш да се вратиш на помладо“ отвораат зелено светло за постоење полов нагон кон постари лица, кој се смета за нормална, постмодерна појава. Откако изумре магијата на спонтано запознавање, кога сè е видено, издегустирано и многу пати дамкосано, се дава за право да се разгледа подлабоко тематиката за геронтофилијата.

Љубовната приказна меѓу реисот С. Р. и многу помладата партнерка Е. Ј се читаше повеќе и од текстовите за актуелната пандемија. Прашањата од типот „Како започнала љубовта?“, „Како ја надминале разликата во годините?“, „Кои се различните интереси што го споиле овој пар?“ и уште многу други важат подеднакво секаде каде што ја има оваа приказна.

Многубројните слични примери во минатото, но и сега, ја потврдуваат тезата дека за ова сега треба да се пишува и да се зборува. Еден еминентен доктор од нашите простори, инфектологот В. М. и неговата премногу млада жена Е. М., еден истакнат државник, францускиот претседател Е. М. со многу постарата сопруга, професорката Б. Т., мудрецот на сексот Х. М. и неговата муза Б. В., парот од Србија М. и М. и безброј познати и не толку познати примери говорат во прилог на темата. Поимот геронтофилија е зачудувачки измешан, не постојат точни и единствени ставови. Дилемата дали поимот би се толкувал како патологија или желба за филозофски ерос сè уште е дискутабилна и отворена за нови ставови што би биле со печат на новото време. Некои сметат дека е во ред бидејќи сепак станува збор на романтичен однос меѓу двајца возрасни личности. Поседува и карактеристика на сексуална девијација или скриена желба, најчесто потреба за татковска и мајчинска фигура доколку личноста е со трауматско детство што имало огромно влијание врз фазите на растење и на сексуално созревање. Други сметаат дека отсекогаш било тука, само сега е скриено. И во Стар Рим постоеле вакви случаи каде што разликата во годините меѓу партнерите е голема (што со

оглед на животните услови тогаш се совпаѓа со теоријата за потреба од мајчинска и татковска фигура, објаснувајќи ја лојалноста што тие лица ја изразувале меѓусебно).

Vita sexualis како сексуална концепција на парафилиите и хронофилиите, форензиката и биомедицината, уредно го илустрира епохалниот потег од етиолошки – центриран, психодинамички и симболичен пристап.

Постојат и други ставови за тоа што е причинител на оваа појава. Ричард фон Краф во својата позната книга „Psychopathia Sexualis“ дал теории за сексуалноста на неколку начини, каде што сексуалниот нагон е најмоќен и најинстиктивен. Тука влијае и поделбата на половите, тој наведува дека ова „нарушување“ е старо и е дел од многу култури, како Јапонија, Античка Грција и други. Според него, од биолошка гледна точка ова е нормално. Цитатот од книгата „Psychopathia Sexualis“ го потврдува кажаното: „Докажано е дека абнормалноста на сексуалните функции е честа во цивилизираните раси. Овој факт е објаснет донекаде со честата ’злоупотреба‘ на половите органи, а во дел имаат улога околностите на личноста.“

Геронтофилијата како малку истражуван поим може да застане на патот да се цени потенцијално сложената диверзија од репродуктивната и еволутивно очекуваната норма. Целата појавност е придружена со глобални културни поместувања во дискурзивното оптоварување на интимноста, со различни изрази како: „сексуалност“, „ментално нарушување“, „развој“ и „психологија“. Ниту еден јазик, и покрај сè, не успеал да обезбеди „неосудуван, привлечен, смешен, шармантен збор за луѓето (женски, машки, стари, млади, хетеросексуалци, хомосексуалци) што се сексуално привлечени од постари луѓе“. Ова би имало повеќе врска со архаичните негативни ставови кон сексот кај постарите лица, отколку со сексуалната психопатија.[1]

Магистерската теза, која има теоретско-истражувачки карактер, се состои од три глави.

Во првата глава има теоретски пристап на проблемот, каде што се дефинирани и основните поими: геронтологија, геронтофилија, парафилија, патологија, ерос, семејна кохезија.

[1] http://www.sexual-offender-treatment.org/130.html 01.2021

Во втората глава од методолошкиот дел на истражувањето се презентирани методите, техниките и анализата на примерокот на истражувањето.

Во третата глава се презентирани резултатите и интерпретацијата на податоците.

Тезата завршува со заклучок и литература од странско и домашно потекло.

1.Теоретски пристап кон проблемот

1.1 Дефинирање на основните поими

Наслов: Геронтофилија – патологија или филозофски ерос.

Клучни зборови: геронтологија, геронтофилија, парафилија, патологија, ерос, семејна кохезија.

Парафилија – патолошко сексуална наклонетост, неприродно полово однесување (пара = освен), (филија = љубов). Може да имплицира сексуални практики без да имплицира дисфункција или морална девијантност.

Патологија (од старогрчки: pathos = болка и logos = збор) – студија на болестите, наука за природата на болестите.

Геронтологија – наука што се занимава со стареењето и староста (геронтос = старец, логос = наука). Геронтологијата како интердисциплинарна и мултидисциплинарна наука проучува биолошки, психички и социјални промени во процесот на стареењето и староста. Според дефиницијата на Светската здравствена организација, постари лица се луѓето од 60 до 75 години, стари се од 76 до 90 години и многу стари луѓе се луѓето постари од 90 години.

Геронтофилија – полова определба или сексуална ориентација, сексуален нагон и желба за постари лица од спротивен пол (геронтос = старец, филонтос = љубов). Има елементи на мазохизам (желбата на девојките да им се покоруваат на старите луѓе и да ги исполнуваат нивните желби) и садизам (искористување на беспомошноста на старите).

Најчесто за геронтофили може да се сметаат луѓе што се во љубовна врска и разликата во нивната возраст не е пократка од 50 години.

Ерос (Amor, Cupido) – бог на љубовта, страста и сексот. Слично како и Дионис, така и Ерос бил нарекуван Елефтер (ослободител). Неговото име денес често се користи за зборови поврзани со еротика.

Кохезија – привлечна сила, поврзаност што владее во група луѓе. Сила што ги држи членовите на групата заедно поради афективното привлекување и заедничкиот интерес.

Главен проблем на истражување – анализа на појавата што ја нарекуваме геронтофилија од перспектива на патологија или ерос.

Основен проблем во овој магистерски труд е геронтофилијата од аспект на патологија или ерос. Но овој проблем има сложена структура и овде се разгледува од аспект на семејната кохезија во семејства каде што брачните партнери се на вообичаена возраст и семејства каде што меѓу партнерите постојат над 10 години разлика. Проблемот геронтофилија во трудот се разгледува од една перспектива низ податоците добиени од семејната кохезија. Истиот проблем е можно да се разгледа и од други појдовни позиции како разгледување на поимот од млади луѓе и споредување со ставовите на постари испитаници, сфаќање и евентуално прифаќање од просечен или интелектуален слој на општеството, машки или женски испитаници, дали живеат во рурална или градска средина итн.

1.1.1 Геронтологија како подрачје на проучување на проблемот

Геронтофилијата не е доволно објаснета. Во зависност од конституцијата и карактеролошката структура на поединецот, како и од соодветните патопластични искуства, секој случај ја покажува својата посебна структура. Ако индивидуите станат пренагласени и љубовта на детето кон таткото или мајката опстојува, резултатот е патолошко нарушување, патолошка фиксација. Постојат форми во кои геронтофилијата е само маскирана форма на хомосексуалност. Магнус Илиршјелд зборува за фактот дека постарите жени честопати им се допаѓаат на хомосексуалните мажи. Некаде

геронтофилијата треба да се најде во чувството на инфериорност. Овие лица не се во согласност со љубовните задачи. Апсолутно мора да се има чувство на „супериорност“ за да се доживеат сексуално. И кај децата и кај старите луѓе, тоа е моментот на тишина што кај нив предизвикува возбудлива свест за супериорноста на нивната сила.

Според Слеккел, геронтофилните карактери се невообичаени во невротиката, дури и ако не се толку јасни како педофилните. Ги има во сите можни нијанси и модификации. Се сублимираат многу лесно, така што се појавуваат во духот на восхит, почит кон возраста, талентот. Се зборува за геронтофилија кога односите меѓу постарите и младите одат над нормалното ниво на почит и симпатија. Во такви случаи станува збор за поле во еволуцијата. Геронтофилијата е честопати форма на психосексуален инфантилизам. Тој смета дека тоа е израз на постојана инфантилна фиксација на постари индивидуи, на кои природно им се важни изразите на љубов[2].

Постојат контроверзии околу тоа како да се конципираат парафилиите и како да се интерпретираат доказите во дијагностичкиот и статистичкиот прирачник за ментални нарушувања (ДСМ). Човечката сексуалност, според тоа, има многу форми, и во нормативни и во ненормативни презентации. Дури и она што го нарекуваме „сексуална ориентација“ е извонредно сложен концепт. Човечката сексуалност е централен дел од нашите животи и е клучно да се разбере во своите многубројни форми и пермутации. Тоа се однесува не само на физичкиот, еротски контакт на телото на поединецот со друг, туку и на различните степени на меѓучовечка наклонетост на таа личност кон другите и кон своите еротски фантазии. Се состои од констелација на физички, меѓучовечки и интрапсихички фактори, кои комуницираат на сложени и разновидни начини. Нашите психосексуални лица се состојат од биолошки пол, сексуален идентитет, социјални сексуални улоги, сексуален идентитет и ориентација. Така, сексуалната ориентација не е едноставно унитарна појава на физички желби и чувства, туку вклучува желби и склоности за емоционални и имагинарни односи, како и вистински сексуални практики, а нежните, емотивните, еротските и фантастичните животи често не се во согласност[3].

---

[2] Kutzinski, A. (1930). Über Gerontophilie. Monatsschrift für Psychiatrie und Neurologie, 74, 86-94.

[3] Potter, N. N. (2013). Philosophical issues in the paraphilias. Current Opinion in Psychiatry, 26(6), 586-592.

Да се зборува за сексуалноста е чувствителна и, во вистинска смисла на зборот, потресна тема. Што се случува кога страста станува товар, кои се причините за тоа и како може да се помогне?

Реномирани психотерапевти и сексуални терапевти даваат одговори на овие и на на многу други прашања. Сите сексуални нарушувања се претставуваат на систематски и доброструктуриран начин[4].

Во психопатологијата иверзиите ги има како симптоми на душевни растројства (ментална ретардација, шизофренија или деменција) или кај психопатски личности.

1. Педофилија – појава кога сексуалниот објект е дете. Може да биде хомосексуална, хетеросексуална или бисексуална. Педофилот своите жртви ги намамува во свој стан или пак на осамени места. Меѓу жртвите се олигофрени – лица што лесно и непромислено ја прифаќаат понудата на непознат маж да отидат на прошетка со него. Педофилите најчесто се од машки пол, а жртвите се на возраст од 6 до 11 години и од женски пол. Педофилите можат да бидат и дементни лица.

2. Геронтофилија – сексуално растројство во кое сексуален објект се лица во понапредна возраст. Се среќава кај поединци во адолесценцијата. Се поврзува со Едиповиот комплекс или инцестот.

3. Зоофилија – сексуален нагон кон животни. Терминот потекнува од грчките збор zoon = животно и philia = наклонетост. Доколку не го загрозува јавниот ред и морал, појавата не е казнива со закон. Застапена е во село и во град и е почеста појава одошто инаку се мисли.

4.Трансвестизам – термин за хетеросексуалци што облекуваат женска облека за да предизвикаат сексуално задоволство што се постигнува преку мастурбација.

5. Трансексуализам – желба да се живее и да се биде прифатен како лице од спротивниот пол, со чувство на непријатност или неадекватност со сопствениот анатомски пол и со желба преку хормонска и хируршка терапија да се усклади телото со префериранот пол.

6. Нарцизам – љубов кон сопственото јас, која потекнува од митолошкиот лик Нарцис, кој од лов навратил до едно езеро да се напие вода, го здогледал своето лице и почувствувал возбуда.

[4] Brigitte Vetter: *Sexualität: Störungen, Abweichungen, Transsexualität.* Schattauer, Stuttgart 2007 S. 245.

7. Фетишизам – се постигнува сексуално задоволство преку допир на одделни делови од телото или облеката на лица од ист или спротивен пол. Се сфаќа и како инверзија и како перверзија на сексуалниот нагон [5].

Генезата на геронтофилија е желбата да се најде постар пријател, а не доколку сексуален партнер е личноста за која треба да се грижи. Во појавата на геронтофилијата е односот на детето кон возрасниот како идеал, модел, идол што треба да се следи. Недостигот на внимание кон себе и нарушувањето на комуникацијата со родителите се причина децата да се обидуваат да го компензираат недостигот на грижа од возрасните. Во училишните години, првата љубов кај девојчињата е насочена кон наставниците, уметниците.

Ова понекогаш е изразено пред сè кај девојчињата со слаба сексуална желба. Геронтофилијата можеби е резултат на злоупотребата на деца и адолесценти од постарите лица. Првите сексуални искуства поврзани со возрасни може да се запишат и последователно да се утврдат како насока на сексуалната желба. А. М. Свјадош тврди дека привлечноста кон постарите мажи се јавува кај млади жени при наоѓање соодветен партнер и е поврзана со неуспех на сексуалниот контакт со врсници. Психопатолошки влошената геронтофилија се јавува кога има нарушувања во комуникациите и тие се комбинираат со садистички склоности бидејќи постарите луѓе се слаби и беспомошни, или со мазохистички склоности – потреба од подреден, во понижувачка врска со стар човек.

Лицето што има сексуална склоност кон постарите лица е геронтофил. Зборот потекнува од грчки: герон, што значи „старец или жена“, и филија, што значи „љубов“. Геронтофилијата е сексуална склоност кон постарите лица. Специјализирани поими се алфамегамија за привлечност кон постар маж и анилилагија за привлечност кон постара жена[6].

Позната е појавата на сексуална страст кон луѓето од третата доба. Кога старецот или старицата се богати, тогаш дијагнозата е алчност и искористување. Постои и интимност без љубов, а возбудата што ја носи сексот со старец или старица е нагонот за

[5] Чадловски, Г. (2000). Психијатриско-дијагностички тераписки прирачник. Просветно дело, Скопје. 01.2021

[6] https://educalingo.com/en/dic-en/gerontophilia 01.2021

казнување, одмазда или докажување. Доаѓа како причина од насилно детство, строги родители, баба, дедо. Хетероориентирани се и садистички се изживуваат врз старите лица, а постојат и случаи каде што и ги убиваат. Едиповиот комплекс е една од најконтроверзните теории. Тоа е љубовна поврзаност за родителот од спротивниот пол, која се појавува уште од детството, а со тоа и ривалство со истополниот родител. Необична и инцестуозна, но и изразува желба...[7]

Луѓето ретко одат на лекар за геронтофилија. Ако геронтофилијата се појави врз основа на садистички склоности, тогаш сексуалната активност е поврзана со силување, тортура и понижување на старите лица. Тогаш обично се бара форензичко психијатриско испитување. Геронтофилите избираат партнери, ако не многу постари, барем луѓе малку постари од нив. Тие или не доживуваат сексуално задоволство со врсници или се помалку интензивни. Кај мажите, обидите да стапат во интимност со жена на нивна возраст не се придружени со сексуална желба и, при недоволна ерекција, завршуваат со неуспех, а кај жените нема возбуда и оргазам.

Геронтофилијата може да произлезе и од интелигенцијата, искуството и смиреноста на постарите лица, што ги прави подготвени да го слушаат другиот. Парафилијата е сè поприфатена, особено во Канада и во Европа. Во еротската литература често се користи сексуалната тема за односи меѓу стари и млади. Има разлика меѓу вистинската геронтофилија и лажната геронтофилија, поддржана од италијанскиот сексолог и форензичар Пелегрини.

Може да се биде фасциниран кога младата личност ќе се почувствува привлечена и возбудена од стар и ја прифаќа ситуацијата, па дури и ужива. Втората (лажна геронтофилија) е придружена со „плуралистички психички онанизам“, што не е повеќе од размислување за подобри ситуации додека мажот и жената живеат со стари лица, така што возбудата, мастурбацијата и оргазмот се можни[8].

Геронтофилите имаат детство со строги родители или силна улога на бабите и дедовците. На жртвите им е тешко да се соочат со сопствената физичка беспомошност да се одбранат, но и со бесмисленоста на нападот.

[7] http://ekstrazabava.weebly.com/10871072108810721092108010831080111210721080-109210771090108010961080.html 01.2021

[8] http://scielo.sld.cu/scielo.php?script=sci_arttext&pid=S1684-18242011000500004&lng=es&nrm=iso&tlng=es 01.2021

Има врски што не доведуваат до телесна повреда, но потешко е да се дефинираат бидејќи се поклопуваат со други ментални, социјални и економски фактори[9].

Но привлечноста кон постарите не мора да биде проблематична. Постојат моменти кога геронтофилијата може да се смета за нарушување каде што засегнатото лице може да ужива само во секс или во врски со стари лица. Односите меѓу луѓето од различна возраст предизвикуваат изненадување, па дури и отфрлање во современите општества. Навикнати сме паровите да ги сочинуваат две лица на приближно иста возраст, па геронтофилијата може да биде шокантна. Сепак, и покрај невообичаената практика (со проблеми со дискриминација), кога е усогласена во здрав сексуален живот, не бара интервенција од кој било професионалец за ментално здравје[10].

Постои пример каде што пациентот J., 28 години, бил сексуално привлечен од сенилни мажи, немал сексуална возбуда и оргазам при контакт со врсници. На возраст од 4 до 7 години, таткото на девојче врши стимулативно галење на гениталиите преку облека. На 7 години овие милувања престанале од страв од јавноста. Од 17-годишна возраст има сексуална активност со изразена сексуална желба (но без оргазам) со различни партнери постари од -10 години. На 19 години со секојдневно гушкање со 82-годишен старец доживува четири оргазми.

„Лансет“ како медицински журнал дало преписка каде што се открива дека старите мажи што извршиле сексуални напади врз стари жители во домови за пензионери биле поранешни педофили. Има случаи каде што француски и холандски лекари предупредиле во „Лансет“, како престижно медицинско списание, за три случаи на поранешни педофили претворени во геронтофилија.

Во истрагата се покажало дека напаѓачите имале кривични пресуди за силување деца и биле 5 и 12 години во затвор. Лекарите што напишале за ова ја довеле во прашање природата на овие трансфери на либидото од деца на сенилни луѓе. Целта на написот од

[9] https://www.penzin.rs/gerontofilija-kao-seksualni-poremecaj/ 02.2021
[10] https://mk.warbletoncouncil.org/gerontofilia-3046 02.2021

лекарите е да предупреди во медицинската заедница и да ги направи чувствителни на овој вид појави[11].

Геронтофилијата е состојба што се манифестира со прекумерна нежност и пријатност кон воспитувачите, учителите или сите популарни личности и ѕвезди. Геронтофилија е искрена сексуална желба за постари партнери без никакви меркантилни интереси од страна на младите. Девојчињата речиси секогаш се подлежни на ова. Терминот „геронтофилија“, според изразот, е зависност од нешто или од некого. Главната разлика е што личноста не е предизвикана од привлечност, туку од возраста на партнерот. Претставува привлеченост на младите кон постарите луѓе и секако желба за постарите лица.

Причини за геронтофилија може да бидат повеќе околности:

1. ниска самодоверба или недостиг на самодоверба;

2. недостиг на внимание во детството и за време на адолесценцијата;

3. неможност за градење односи со момчиња и девојчиња, постојани раскинувања;

4. лоши или болни искуства од блиски односи со своите врсници;

5. несреќна врска со мајка или татко.

Современиот ритам на живот и социјалните норми наметнуваат одредени правила. Со појавата на телевизиски серии во кои доминираат популарни стереотипи за тоа како треба да изгледаат младите, каде што се истакнува возењето кул автомобили и се живее во огромни куќи од најраната возраст, се формираат стереотипи според кои, ако сте малку повеќе од 20 години и немате автомобил, стан и задоволителна плата, тогаш сигурно сте губитник. Ако за девојчето се суди според неговиот изглед и способноста да води убав разговор, тогаш за момчето обично се суди според она што ветува материјално.

Во развиените земји, статусот е уште поважен. Младите момчиња умеат да даваат убави комплименти и им се простува на возраста ако не возвратат со пари, цвеќиња и подароци. Секако, како по непишано правило, зрелите жени изгледаат добро, па затоа им

[11] https://www.agevillage.com/actualites/5938-1-gerontophilie-et-abus-sexuels-en-maison-de-retraite 02.2021

треба потврда дека се убави и посакувани. За посакуваната самодоверба, тие ќе бидат подготвени да купуваат подароци и скапи автомобили. Ним веќе не им требаат семејство и деца, а младите девојки сакаат да се омажат и сакаат стабилен живот. Младите луѓе најчесто се плашат дека не можат да излезат накрај сами со оваа задача. Се претпоставува дека младите што обрнуваат внимание на постарите жени можат да имаат интимни проблеми. Зрелиот маж не е себичен во однос на блиските односи и посветува поголемо внимание на својата партнерка. За возврат, зрелиот човек е задоволен од вниманието на младата девојка, ја подигнува својата самодоверба и тој добива самодоверба дека не е толку стар според тоа која му е годината на раѓање и она што го пишува во пасошот. Геронтофилијата како болест и психолошко нарушување е во одредена симбиоза. За една девојка, зрелиот љубовник може да биде клучот за решавање на многу проблеми. Внимателен е, знае како да се грижи, ја опкружува со грижа и со приврзаност, што можеби многу ѝ недостигало во детството, и решава некои од постојните проблеми.

Друга причина за геронтофилија кај млади девојки може да се должи на фактот дека односите со млади на иста возраст не успеваат од навидум познати причини. Како и кај девојчињата, желбата за возрасна жена лесно се објаснува со недостиг на мајчинска топлина за време на детството, но секако ова не е единствената причина.

Друштвените мрежи се преполни со случаи на врски од овој вид. Момчињата за партнерките изгледаат како да им се внуци. Според брачната двојка, тие ретко излегуваат надвор, а поголемиот дел од времето го поминуваат во кревет. Сепак, по она што се вели, момчето е гордо на својата постара девојка. Тој (Мајкл) има само 30 години, а неговата „девојка“ (Маџори) има над 90. Двојката се запознала пред 9 години во една книжарница. Фасциниран е од брчките на Маџори и, според неговата изјава, ја сака, нарекувајќи ја „платина“ или природна. Дури со сигурност тврди дека ги сака сите „брчки“ на нејзината фигура што жените честопати се обидуваат да ги скријат. Како брачна двојка, тие ретко излегуваат надвор, а поголемиот дел од времето го поминуваат во кревет. За оние што не можат да поверуваат во искреноста на овој вид чувства, им изгледа дека поентата тука не е во љубовта, туку во наследството што ќе се добие по смртта, иако се тврди токму обратното, дека воопшто нема заштеда. Самиот Мајкл ја нарекува нивната врска „многу физичка“. Постои и фактот дека Мајкл има уште неколку стари девојки. Според Маџори,

на почетокот таа била љубоморна на друга жена, но сега лесно му простува затоа што секојпат ѝ се враќа и ја нарекува најдобра.

Како што признала жената, се развела од сопругот пред 37 години и навистина ѝ недостигале машко внимание и грижа.

Лековите се препишуваат во најекстремни случаи.

Третманот за геронтофилија вклучува консултација со психолог за да помогне во идентификување на вистинските причини за болеста и нивно елиминирање.

Љубовта е најнеразбирливо и најневеројатно чувство. Денес, најголемата разлика во возраста е позната за еден брачен пар што живее во Малезија. Сопругот наполнил 105 години, а сопругата има само 22 години.

Покрај разликите во годините и пасошите, постојат и чувства што можат да бидат меѓусебни.

Геронтофилијата е сериозно ментално нарушување, а самиот израз предизвикува негативен став во општеството. Оваа дијагноза може да биде поврзана со психопатија, шизофренија и ментална ретардација.

Ако буквално се преведе од антички грчки јазик, се добива „љубов кон постарите“. Во исто време, перверзните и манијаците во медиумите се нарекуваат геронтофили, па затоа кај луѓето се формираат негативни асоцијации.

Како делумен нагон, геронтофилијата е многу нормална, особено кај адолесцентите. Иако во нашата култура е толерирана од жените, станува збор за перверзија кога има голема разлика во возраста. Во дваесеттиот век ова не било особено честа девијација, сепак е опишана од психијатрите Вагнер ВладимирАлександрович, Роберт Блох и Ричард фон Крафт-Ебинг. Геронтофилијата е еротска предиспозиција што ја чувствува една личност кон старец или старица. Психодинамично е поврзана со нерешениот комплекс на Едип и со инцестот.

Сега геронтофили може да се најдат многу почесто. Ученичките денес често имаат чувство дека се вљубуваат во популарни уметници, актери, па дури и во своите

наставници, и бидејќи разликата во нивната возраст е значителна, можат со сигурност да се наречат геронтофили. Желбата за посилен возрасен пол може да се објасни со фактите дека младите девојки сакаат да се чувствуваат заштитени. Ова е поврзано со ученички што растат без татко. Станува збор за чувства каде што тие сакаат да чувствуваат „татковска“ поддршка, љубов и помош[12].

Сексуалните престапници обвинети за злосторства против стари лица не мора да страдаат од геронтофилија. Студиите покажуваат дека приближно една третина од овие злосторства се извршени од геронтофили. Геронтофилите ги прифаќаат сексуалните склоности како дел од својот сексуален идентитет и постапуваат според склоностите на здрав начин. Но, ако некое лице се грижи дека геронтофилијата станува проблематична, треба да побара третман како психоанализа, когнитивна терапија или хипноза. Иако постојат ограничени студии за геронтофилијата, постојат докази што сугерираат дека состојбата може да резултира од сексуален контакт со постари луѓе за време на адолесценцијата. Додека геронтофилијата се смета за спротивна на педофилијата, оваа сексуална склоност може да се примени во здрав, правен контекст[13].

Јасни причините за геронтофилија, иако не се идентификувани, ги има многу:

- Несоодветно сексуално образование. Ова произлегува од слабото родителско внимание, што секако резултира со избирање на идеален урнек меѓу возрасните.

-Неизвесност за сексуалната способност. Случајот е кога момчето се плаши дека нема да ја задоволи девојката, тогаш избира постари партнери бидејќи тие не се пребирливи.

- Прво сексуално искуство. Оваа причина е поврзана со претходната, кога момчето не сака да практикува интимност со врсниците бидејќи се плаши од искуството да изгледа неискусно, што резултира врз влијанието на неговите преференции во иднина.

- Резултат на злоупотреба на деца. Раната адолесценција негативно може да влијае и врз сексуалните афинитети во подоцнежните години и врз сексуалните склоности.

[12] https://www.enciklopedija.hr/natuknica.aspx?id=21812 02.2021
[13] https://sr.ramadamoa.com/gerontophilia 02.2021

- Неуспешен сексуален однос меѓу девојки со врсници или нивниот сексуален егоизам.

- Инфантилен партнер.

- Мазохизам кај некои девојки, кои сакаат да им се покоруваат на старите луѓе и да ги следат со послушност во нивните современи и искусни професионални каприци.

Понекогаш девојчињата покажуваат знаци на внимание кај богати стари луѓе, а момчињата се однесуваат вљубено кон богати постари жени. Геронтофилијата честопати се поврзува со садистички и мазохистички склоности.

Геронтофилијата се смета за најретка форма на сексуална перверзија, па затоа материјалното богатство на предметот за обожавање не се зема предвид во овој случај. Во овој случај, не зборуваме за болеста што е наречена под ова име геронтофилија. Дури и ако вљубените изговорат „убави зборови“ и ја исполнуваат сродната душа со комплименти, поентата тука е во трговските интереси (надеж за добивање наследство, повлекување пари и слично).

Ако по долго време болеста не исчезне, подобро е да се контактира со психотерапевти и да се консултира со други специјалисти што ја разбираат оваа област. Геронтофилијата е привлеченост кон луѓето многу постари од своите врсници. Кај тинејџерките, привлечноста за посилниот пол е многу постара од сегашниот привремен феномен. Понекогаш првата симпатија е насочена кон наставниците или популарните актери.

Една од причините за оваа болест се смета дека се детските искуства. На пример, децата израснати во домови за деца без родители растат без родителска наклоност и се навикнуваат на своите негователи, кои често ги заменуваат мама и тато. Вистинските манифестации на геронтофилија се однесуваат на сексуални акти во однос на постарите лица и сигурно нема сексуална привлечност од врсници.

На сите што имаат ваква болест, треба да им се помогне под некој изговор да започнат разговор со психолог, бидејќи на таквите луѓе им е потребна помош како никој друг и не се виновни што имаат толку необична болест. Геронтофилите сами по себе се

безопасни ако немаат мазохистички и манични склоности. Ова отстапување е опасно за нив бидејќи не постои начин да се започне нормално семејство, да се роди дете и да стане адекватен член на општеството. Станува збор за отсуство или слаба ерекција, недостиг на сексуална желба. Дијагностичките мерки се комплицирани поради фактот дека пациентите немаат желба да го препознаат проблемот, а сопружниците се принудени да се обратат до специјалисти, каде што се жалат за проблеми во својот интимен живот.

Третманот со лекови се користи во екстремни случаи кога има потреба од ненадејни сексуални импулси – во такви ситуации се користат антипсихотици. Иако болеста е ментално нарушување, во повеќето случаи е тешко да се дијагностицираат сексолозите и клиентите немаат идеја каде можат да очекуваат стручна помош. Сесиите за психотерапија, кои им помагаат на луѓето да се разберат себеси и да ги решат проблемите заедно со психолозите, се сметаат за мошне ефикасна терапевтска техника.

„Геронтофилија“ е канадска романтична комедија – драмски филм од 2013 година во режија на Брус ла Брус, за романтична врска меѓу млад и постар човек. Својата светска премиера филмот ја има во дел од програмата „Денови на Венеција“ на 70-тиот Меѓународен филмски фестивал во Венеција. За разлика од повеќето претходни филмови на Ла Брус, „Геронтофилија“ не е сексуално експлицитна. Прикажан е и на Меѓународниот филмски фестивал во Торонто и во Москва. Филмот го следи Лејк, млад човек што се вработува во дом за стари лица и развива романтична и сексуална привлечност кон господин Пибоди, постар жител во домот. Ла брус ги адаптира традиционалните теми на сексуално табу во филм попријатен за главната публика[14].

Причини за геронтофилија може да бидат: фиксација на либидото на предмет сличен на родител, како и незадоволство од која било причина при сексуални односи со помлад партнер, инфантилизам, сексуални комплекси со страв од луѓе на своја возраст, садомазохистички склоности, „заведување“ во детството од постарите луѓе. Геронтофилијата припаѓа на парафилиите, но не е спомената во МКБ-10 и ДСМ-5. Фреквенцијата и дистрибуцијата на отстапувањето не се познати.

[14] https://en.wikipedia.org/wiki/Gerontophilia_(film) 02.2021

Геронтофилијата се карактеризира со голема разлика во возраста меѓу партнерите, бидејќи во спротивно може да вклучува какви било манифестации на сексуалност меѓу постарите луѓе. Геронтофилија е вид сексуална перверзија, сексуална привлеченост кон стари луѓе, нарушување на сексуалната желба, кое се карактеризира со болна сексуална желба за постари лица. Возрасната граница потребна за воспоставување геронтофилија не е дефинирана. Според Магнус Хиршфелд, таа треба да е околу педесет години.

Вид на геронтофилија е граофилијата (од graûs, graós = стара жена) – селективна сексуална привлечност кон постари жени[15].

Геронтократијата се однесува на владеење од постари лица или доминација од постари возрасни групи. Во популарна употреба, ознаката „геронтократски“ е обично пејоративна, што подразбира каузална врска меѓу староста и конзервативното или непроменливо лидерство. Геронтофилијата е почеста во традиционалните општества, особено во оние со геронтократија. Геронтофилијата е спротивна на геронтофобијата и значи љубов кон стареењето и кон постарите лица. Претставува екстремна форма на позитивен агеизам. Ретко се користи, веројатно затоа што е дури и поретка од геронтофобијата во нашата култура.

Употребата на геронтократијата се однесува на општество во кое лидерството е резервирано за стари лица, речиси секогаш мажи. Со грчката држава Спарта управувал герурсија или совет, чии членови имале 60 години и служеле доживотно. Во Источна Африка постојат неколку племиња што се геронтократии. Геронтократијата претставува екстремен пример за дискриминација во корист на постарите и старешините во политиката[16].

Можеби АПА во иднина може да се покаже подготвена да размисли, и според Фројд, за своето психологизирање на сексуалната волја и закон. Се претпоставува дека, низ културите, сексот бил прашање на „ред“ и „нарушување” Телото има симболично значење и придружен еротски потенцијал, потенцијал што едноставно не се регистрира,

[15] https://ndom57.ru/bs/problemy-beremennyh/gerontofiliya/ 02.2021

[16] Erdman Ballagh Palmore: Ageism: Negative and Positive. Springer Publishing Company, 1999

стапува во етапа, се насочува на еволутивната приспособливост или е на милост и немилост на генетскиот израз[17].

1.1.2. Геронтофилијата како патологија

Постои голема субјективност во оценувањето на стандардот на критериумот за „повторливо и интензивно сексуално возбудување“. Долги години, хомосексуалноста се сметала за ментално нарушување, за потоа да биде надвор од ДСМ. Ако хебефилијата треба да биде вклучена во ДСМ-5, тогаш зошто да не и геронтофилијата? Или други склоности?

Фактот на еротска склоност на 11 до 14 години кај индивидуа не значи дека лицето има ментално нарушување. DeClue укажувал на логичката заблуда во тврдењето дека, ако постои хебефилија, тогаш таа треба да биде вклучена во ДСМ-5. Таквиот скок го игнорира прашањето како да се одлучи кој модел на сексуален интерес треба да претставува ментално нарушување[18].

Поимот геронтофилија илустрира два проблема. Прво, нема ништо во самата дефиниција што би укажувало на тоа дека е парафилна, објаснувањето на дефиницијата ја игнорира реалната формулација на дефиницијата. Второ, толкувана буквално, реченицата означува дека силниот, примарен сексуален интерес што го прави еден врсник е парафилен за секој што не е на возраст од 17 и 45 години. Се издвојуваат четири категории што се однесуваат на (примарниот) еротски интерес: педофилија (деца), хебефилија (пубертет), телеофилија („нормално“ претпочитање за лица помеѓу физичка

[17] Janssen, D. F. (2014). How to "ascertain" paraphilia? An etymological hint. Archives of Sexual Behavior. DOI: 10.1007/s10508-013-0251-5

[18] 20.Good, P., & Burstein, J. (2012). Hebephilia and the construction of a fictitious diagnosis. Journal of Nervous & Mental Disease, 200(6), 492-494.

зрелост и физички пад (приближно 17–45)) и геронтофилија („стари лица“). Сите освен телеофилијата се парафилни[19].

Геронтофилијата како парафилија не е лесно да се открие поради културните влијанија при изборот на партнер. Мотивите зад геронтофилијата кај жените се многу различни. Најчесто придобивките се материјални, а помалку психолошки. Една жена да се омажи за многу постар маж воопшто не е невообичаено. Геронтофилијата е употреба на постара личност како сексуален предмет. За овој избор на партнер можеби постои понекогаш и финансиски елемент.

За садистичка геронтосексуалност станува збор кога еден млад човек напаѓа постари жени. Тој ги манифестира следниве карактеристики: недостиг на интерес за помлади жени, опсесивна личност, потреба од моќ или садистичка намера, историја на енуреза до 25-тата година од животот, неможност да се задржат импулси и склоност да биде насилен и агресивен сексуално. Инциденцијата на оваа парафилија е ретка, но, кога се јавува кај мажи, често станува опасна.

Околу 3 % од сите силувања вклучуваат жртви постари од 50 години. Сепак, кога постара жена е силувана, постои закана за животот и овој напад резултира со убиство на жртвата. Психопатологијата на оние што малтретираат и убиваат постари жртви е поизразена отколку кај оние што напаѓаат помлади жени[20].

Геронтофилијата означува употреба на постара личност како сексуален предмет. Сексуалните престапи се сметаат за насилство врз жените, што е често и значајно јавно здравствено прашање и во развиените земји и во земјите во развој. Тоа подразбира сериозни последици врз физичкото и менталното здравје на жените. Се пријавувало ретко и не се гледало како сексуално дело. 0,9 % од жените на возраст од 37-42 години и 1,6 % од жените на возраст над 43 години изјавиле дека доживеале сексуална злоупотреба. Жените постари од 43 години доживеале два вида злоупотреба, кои биле сексуален напад (27,3 %) и содомија и вагинално силување (36,4 %)[21].

[19] Hinderliter, A. C. (2010). Defining paraphilia in DSM-5: Do not disregard grammar. Journal of Sex & Marital Therapy, 37(1), 17-31.

[20] Stephen T. Holmes, Ronald M. Holmes: Sex Crimes: Patterns and Behavior. SAGE, 2007

[21] Mohammed Nasimul Islam, Khoo Lay See, Lai Chin Ting, Jesmine Khan: *PATTERN OF SEXUAL OFFENCES ATTENDED AT ACCIDENT AND EMERGENCY DEPARTMENT OF HUSM FROM YEAR 2000 TO 2003: A RETROSPECTIVE STUDY.* In: *Malaysian Journal of Medical Sciences.* Vol. 13, No. 1, Januar 2006, (p.35-51)

Кај вистинската геронтофилија, садизмот често е присутен во овие типови случаи, затоа злосторствата што вклучуваат постари лица мора внимателно да се испитаат за да се утврди дали делото имало сексуален аспект. Понекогаш постарите лица се предмет на фиксација за помладите лица. Како многу ретка состојба може да укаже на длабока психолошка патологија. Криминалните случаи во кои има вклучено стари лица како жртви на случајот мора внимателно да се испитаат и фактите да се развијат целосно за да се утврди дали сторителот има сексуален интерес кон жртвата[22].

Таксономски предлог во сексологијата тврдел дека, за разлика од вродените, женствени и „пасивни“ мазохистички хомосексуалци, „стекнатите“ и „активните“ хомосексуалци, односно највистинските хомосексуалци, се привлечени од незрели млади од женски аспект. Многу лабави шеми за специфичност на возраста во еротската привлечност биле повод од слични, претежно теоретски обиди да се направи разлика меѓу хомосексуалците, а најмногу од авторите што сакале да ја квалификуваат патолошката состојба на сексуалната инверзија. Најистакнато, тие се појавуваат во пишувањата на Лудвиг Фрej, холандски лекар Ромер од Рим, објавена под уредничка палка на Хиршфелд, во есеј од Хиршфелд и конечно во книгата за урбана геј-супкултура од каталонскиот педагог Макс Бембо.

Сент-Пол го користел истиот термин paidophilie како Крафт-Ебинг, но го користел во однос на хомосексуалната љубов кон младите, не кон претпубертетските, т.е. како збор измислен тука, за контрастни цели, а подоцна Хиршфелд повторно го вовел без припишување – референција.

Само машките шеми на Хиршфелд, кој ги позајмил сите термини без припишување – референција на Крафт-Ебинг и Сент-Пол, се покажале корисни за сексолозите од дваесеттиот век. Како понатамошна забелешка, најраните идентификации на геронтофилија што Крафт-Ебинг ги сретнал само меѓу „сексуалните инвертни“, сите фигурирале или во врска со хомосексуалците или како „компликација“ на хомосексуалноста.

Мол, Крафт-Ебинг и Хиршфелд постојано нагласувале дека инциденцијата на „paedophilia“ или заведување од страна на инвертни е помала или барем не е позастапена

отколку кај хетеросексуалците. Мол зборувал за „целосна аналогија“. Овие процени сега се цврсто утврдени поделби меѓу категоријата „хомосексуалност“ од прв ред и прашања од втор ред на „перверзија“, возрасна преференција. Сепак, насловот на еден од последните написи на Крафт-Ебинг – „Flagellatio Puerorum als Ausdruck des Larvirten Sadismus eines Paedophilen Conträrsexualen“ – го илустрира проблемот со опишување комплексни случаи во смисла на коморбидитет.

Имало елаборирaн ран современ правен дискурс за природата на детските сексуални престапници, но барем во Англија ова не го вклучувало поимот за сексуална перверзија. На почетокот на американскиот форензички интерес во областа на малолетнички сексуални злосторства, ниту еден од авторите не навел перверзија во врска со прекршоците врз децата, иако и двајцата алудирале, како Тардје, на можната европска достапност на таквата спецификација. Форензичката психологија на детските сексуални престапници е од дваесеттиот век, особено психоаналитичко потекло. Емпириски придонес во однос на Хиршфелдовото „Jahrbuch für sexuelle Zwischenstufen“ е тврдењето дека 100 од неклиничкиот примерок од 550 случаи на Konträrsexualismus се покажале „комплицирани“ од други „аномалии“ во сексуална склоност.

Хари Остерхуис ја карактеризира медицинската форензичка кованица за педофилија на Крафт-Ебинг како котерминозна со промена што била само постепена од „психијатриска перспектива“ во која девијантната сексуалност била објаснета како изведен, епизоден и повеќе или помалку единствен симптом на посуштинско ментално нарушување, па сè до разгледување на перверзијата како составен дел од поопшт, автономен и континуиран сексуален инстинкт. Тардје ги корелирал возраста на сторителот и возраста на жртвата, набљудувајќи ја општата инверзна поврзаност, емпириски „закон“ што не е противречен на истражувањето на Александар Лакасањ, Пол Бернард и Пол Бруардел. Ломброзо го поврзал очигледниот пораст на прекршоците во деветнаесеттиот век врз децата, наспроти возрасните, не со идиопатска перверзија, туку со „ненаситност во однос на задоволството во случаи на лица со висока култура“. Раните форензички набљудувања на возраста на жртвата во голема мера се однесувале на хипотезите на еколошко и демографско ниво.

Вниманието на психијатрите кон моралните престапи врз децата се фокусирало главно на можните основи за намален капацитет на обвинетите. Обвинетите, од своја страна, веројатно наведувале случајни, а не преференцијални фактори. Ослободителните изјави биле разгледани како можни индиции за состојбата на нивните ментални способности. Во случај на претежно хомосексуална злоупотреба на дете, психијатрите се збунувале дали апологијата на обвинетиот наставник во основно училиште се однесува на „l'exemple de Socrate et d'Alcibiade" (примерот на Сократ и Алкибијад) и ги оспорува медицинските консензуси за onanism – подразбира „la corruption du cœur ou la perversion de l'intelligence" (корупција на срцето или перверзија на интелектот). Кованицата на Крафт-Ебинг за paedophilia erotica била само за да се надополни познатата листа на етиолошки фактори (сенилност, алкохолизам, епилепсија, дегенерација и ментална ретардација), кои сами по себе можат или не значат намалена одговорност за сексуалните престапници. Во сите свои случаи, освен навидум платонскиот, Крафт-Ебинг открил знаци на дегенерација. Правни студенти, вклучувајќи ги Улрих и Крафт-Ебинг, кажувале дека секоја посебна морбидна сексуална ориентација кај рецидивистички случаи на силување, непристојност, заведување, инцест, без оглед дали станува збор за мажи, жени или малолетни лица, сама по себе не укажува на ментално отуѓување.

Во времето на именувањето на педофилната ориентација, има само ограничена и спорна основа за психијатриска важност за сексуалната жртва. Квалификациите како што се „штета", „повреда", „оскрвернување", „корупција" и „злоупотреба" веќе долго време информирале за поврзаните епидемиологии со онанизам. Тие добиле попрецизно етиолошко значење за психијатрите од средината на деветнаесеттиот век наваму, за претпоставки за стекнатата педерастија и асоцијалистичката етиологија на фетишизмот на Бинет. Проширувањето на ова значење од страна на Фројд на хистерија, опсесивна невроза и параноја било славно отфрлено од Крафт-Ебинг како „научна бајка".

Етикетата се појавила во истата година кога биле објавени трите труда на Фројд за теоријата за заведување, кованица суспендирана меѓу егзогамијата на Едвард Тајлер и теориите на избегнување инцест на Едвард Вестермарк и развивањето на Едиповиот комплекс на Фројд. Историското откривање на напуштената „хипотеза на заведување" се претпоставило во епохалното повторно потврдување на тој заклучок. Фројд особено

обележал три групи „заводници“: „негувателки, гувернанти, домашни службеници и учители“; „постари деца и браќа и сестри“; и „возрасни странци“. Ниту едно обвинение на родител или „педофил“ не може да се идентификува во објавениот предмет во Фројд во тоа време. Преиспитувањето на Фројд за ова прашање се сметало за „централен настан во откривањето на психоанализата, како во поглед на самиот Фројд така и во поглед на неговите биографи“.

Во САД, ваквите разлики би влијаеле врз процедурите за civil commitment, со првиот закон за „сексуално насилни предатори“ во Калифорнија. Дури во 90-тите години на минатиот век – претежно во 2000-тите – се виделе академски неологизми како ganyphilia, hebephilia, adolescentofilie и juventofilia, кои имале цел да означат дискретни „парафилии“. Хронофилијата, дистинктивен термин на Џон Мани, смислен за да ги замени неговите претходни, но класични мислења за „фиксација на разликата во возраста“ и „парафилија за дискрепантност во возраста“, останал целосно шпекулативен и нормативен гест. Мани не пријавил случаи и нема докази за постоење на „хронофилна“ подгрупа на парафилии, ниту пак податоци што би ја утврдиле концептуалната валидност на хронофилијата, ниту, конечно, тој емпириски не го консолидирал статусот на „ментално растројство“ за која било таканаречена парафилија. Мани активно се обидел да го оживее малото семејство на хронофилија смислувајќи го поимот infantophilia-nepiophilia и постојано се жалел на отсуство на термини како што се дваесетофилија, триесетофилија и така натаму, наведувајќи дека ваквите термини ќе ја збогатат „нозологијата“ и ќе ја информираат „дијагнозата за љубовна мапа“ на луѓето. За клиничар што бил многу чувствителен за медикализацијата и политизацијата на сексот, се чинело дека ова е невнимателно користење на терминологија.

Во Велика Британија и во САД, ваквиот развој на настаните може да се следи „со одредена прецизност“ во медиумското покривање на сексуалните малцинства и сексуалните злосторства. Сајмон Кол вели дека „педофилијата“ во рамките на добиената култура на откривање на вистината, закрепнување на меморијата и откривање заговор, се карактеризира доста дифузно како ментален, институционален и културен морбидитет. Правните, психијатриските и критичко-културните димензии на поимот денес ретко се

разликуваат јасно, што е изненадувачки дури и во многу правни, клинички и историски комуникации[31].

Главните причини за геронтофилија не се утврдени, но постојат многу претпоставени:

Недостиг на доверба во сексуалните способности. Кога еден човек се плаши дека нема да задоволи девојка, избира постар партнер и очекува дека тој ќе бара помалку од него во сексуалното искуство. Кога луѓето не разговараат за сексуални односи со колегите и се плашат да признаат дека се без искуство, тоа подоцна може да влијае врз нивните понатамошни преференции. Ова може да е резултат од малтретирање во детството, сексуалните односи во рана адолесценција, исто така, може негативно да влијаат врз сексуалните преференци; неуспешен сексуален однос кај девојчиња со врсници или нивна сексуална себичност; инфантилизам на партнерот; погрешно сексуално образование.

Може причината да произлегува од недостигот на внимание на родителите, така што детето кај возрасните ќе одбере пример за идеал (садизам). Искористувајќи ја беспомошноста на постарите, кои не можат да застанат зад себе, најчесто има момци со такви отстапувања (мазохизам).

Желбата на девојките да се покоруваат на старите луѓе и да ги исполнуваат нивните желби. Иако болеста се однесува на ментални абнормалности, но во повеќето случаи потребно е да се дијагностицираат сексолозите, за жал не се компетентни за такви прашања, а пациентите остануваат без квалификувана помош. Најдобрата превенција е правилното воспитување на детето. Детето со високоразвиени морални квалитети, различни интереси и аспирации има високо чувство на самопочит. Овие фактори практично го елиминираат ризикот од сексуална перверзија. Дијагнозата е комплицирана од фактот дека самите пациенти не го препознаваат проблемот и нивните брачни другари се обраќаат на специјалисти (доколку ги има) за да се пожалат на проблеми во сексуалните односи: отсуство или слаба ерекција, недостиг на сексуална привлечност. Како третман се препорачуваат сесии на психотерапија, што ќе му помогне на лицето да

[31] https://www.ncbi.nlm.nih.gov/pmc/articles/PMC4595948/ 03.2021

се разбере и, заедно со психолог, да го реши проблемот. Третманот со лекови се користи во екстремни случаи, кога е неопходно да се надминат ненадејните сексуални импулси, во такви случаи се користат невролептици[32].

1.1.3.Геронтофилија како ерос

Секогаш имало парови од многу нестабилна возраст. Обично, повеќето луѓе имаат сексуален интерес за луѓе блиски или слични на нивна возраст (обично околу една деценија над или под). Иако не е вообичаено во овој момент, тоа не е само по себе од патолошко значење ако ова е заедница меѓу возрасни лица што се согласуваат и во која нема злоупотреба или употреба на околности што ја ограничуваат можноста за согласност.

Кога оваа привлечност предизвикува вознемиреност кај некоја личност или кај други и тоа е практично единствениот вид стимул што генерира сексуална привлечност или создава ограничувања во животот на субјектот или неговиот сексуален партнер, станува збор за парафилија. Има случаи на луѓе што презентираат силни сексуални фантазии и ги привлекуваат исклучиво или речиси исклучиво стимули што повеќето општества ги сметаат за аномални и што вклучуваат некоординирани лица или животни, неживи предмети или односи со болка или толеранција меѓу партнерите во кревет.

Геронтофилијата е сексуална привлечност кон постари или многу постари луѓе и таа привлечност е многу очигледна. Разликата во возраста што обично се смета е најмалку 35 години од диференцијалот. Лицето за кое станува збор има периодични сексуални фантазии со стари лица и ова е карактеристика што исклучиво или речиси исклучиво генерира сексуална возбуда.

Во рамките на парафилијата може да се најде тип што е, иако ретко, предмет на некакви контроверзии затоа што неговото учество во парафилијата може да се појави само

[32] https://ajlota.ru/seks/9610-ko%D1%98-e-gerontofil-i-kako-da-ne-stane-zhrtva-na.htm 04.2021

за да создаде непријатност или ограничувања на субјектот или партнерот: геронтофилија или привлеченост од многу постари луѓе.

Важно е да се има предвид и да се нагласи дека, кога зборуваме за геронтофилија, не зборуваме за спонтани промени за која било од напредните возрасти. Лицето со геронтофилија чувствува привлечност што не се добива толку од познавањето на лицето, туку од фактот дека тоа е старо.

Како парафил, задржаниот интерес е во принцип единствено сексуален, иако во некои случаи геронтофилот и предметот на неговата желба можат да одржат романтична врска. Поинаку кажано, она што го буди сексуалниот нагон е постариот или постарата, без оглед на тоа каква е личноста.

Станува збор за геронтофилијата како парафилија само ако создава клинички значајна болест, ако претпоставува функционално ограничување секој ден или ако единствениот стимул што предизвикува сексуална желба е возраста како таква. Вистината е дека едното не значи друго: може да се има врска со старец и лицето што го прави тоа не мора да влезе во категоријата геронтофили. Класификацијата на геронтофилијата како парафилија може да биде контроверзна затоа што парафилијата многу често се меша кога станува збор за врска со некој многу постар.

Може да се пронајдат два вида привлечност кон постарите лица. Всушност, има два основни типа геронтофилија:

1. Алфамегамија

Првиот е алфамегамија, каде што има сексуална привлечност кај некоја млада личност (од двата пола) кон постари мажи, многу постари и во третата доба.

2. Матронолагија

Овој вид одговара на сексуалната привлечност кај постарите жени од страна на многу помлади мажи или жени, давајќи му на овој случај име матронологија[33].

[33] https://mk.warbletoncouncil.org/gerontofilia-3805 04.2021

Постојат многу причини за геронтофилија на парафилно ниво.

Секако, постојат многу објаснувања што можат да се најдат. Треба да се напомне дека станува збор за парафилија, а не за фактот дека се заљубуваме во некој што е на таа возраст. Дури и кога односите меѓу луѓето од различни возрасти не мора да значат присуство на геронтофилија, во случаи кога се дискутира за парафилија, прашањето е што е тоа што ја прави оваа фиксација кај постарите лица.

Забележани се случаи во кои има постоење на ваков вид привлечност што потекнува од трауматски искуства, како што е сексуалната злоупотреба во детството, во која сексуалниот чин е некако нормализиран со многу постари луѓе. Постои визија за староста каде што може да се дојде до тоа некои луѓе да се родат со одредена сексуална желба за специфични карактеристики, што ги прави безбедни. Сето ова зборува за присуството на несигурна личност, зависна или со потреба за заштита, при што се бара постар стимул што традиционално се поврзува со заштита, топлина, мудрост и искуство.

Поинаква можност се појавува и поради условување: можно е во ситуација на сексуално возбудување, понекогаш случајно да се појави слика или некој стимул поврзан со возраста, и ова може подоцна позитивно да се зајакне (на пример, преку мастурбација).

Постои можност сето ова да се случи во контекст на луѓе што се чувствуваат неспособни успешно да се поврзат со луѓе на своја возраст (истото се случува и каде што има случаи на педофилија).

Сексуалната возбуда несомнено е поврзана со разлика во возраста или староста, каде што се добива општа привлечност за постарите лица.



Слика 1

Кога се преведува терминот геронтофилија од грчки, означува љубов кон старите. Ова е еден вид фетишизам, каде што сексуалната желба не се должи на одредена личност, туку на возраста на жената или мажот. Исто така, може да биде љубов кон стари жени, поврзана со садизам. Сепак, таквото отстапување е исклучително ретко.

Причини за геронтофилијата

Геронтофилијата како болест се состои од нездрава сексуална привлечност кон постарите лица. Забележана е кај луѓе што страдаат од психопатија (нарушување на личноста), шизофренија и кај ментално ретардирани лица. Во психотерапијата и сексологијата, геронтофилијата се смета за нарушување на сексуалната желба. Познати се повеќе причини за геронтофилија:

- садизам – љубовта е садизам кон постарите, кои не можат да застанат зад себе, тие се слаби и беспомошни;
- резултат на малтретирање на деца, заведување на деца и адолесценти од постари луѓе;
- првото сексуално искуство поврзано со возрасно лице во иднина може да влијае врз карактеристиките на сексуалната желба;
- неизвесност за сопствените сексуални способности (машката личност се плаши од „ненаситливоста“ на една млада девојка; неговиот страв исчезнува кога е во љубовна врска со постари партнери, кои бараат помалку);
- со возраста, личноста се обидува да најде утеха, компензира за недостигот на внимание на себе од возрасните во детството (всушност, со ова се објаснува ставот на детето за возрасно лице како модел за имитација, идеален);
- желбата на девојчињата што страдаат од мазохизам, да ја почитуваат староста;
- привлечноста на девојчињата кон постарите мажи може да се објаснува со желбата да се стекнат со искуство;
- проблеми со пубертетот, погрешно сексуално образование можело да придонесе да станат причини за болеста;
- инфантилизам, слаба сексуална желба, особено кај девојчињата.

Ова е особено важно за оние девојчиња што пораснале без татко. Во младите години, многу девојки се заљубуваат во учители, уметници и возрасни актери. Млади ученички се привлечени од возрасни мажи. Така, тие се обидуваат да компензираат за она што не го добиле во своето детство – љубовта и грижата на својот татко.



Слика 2

Третман на геронтофилијата

Секое отстапување придонесува кон желбата за сексуален однос во невообичаено опкружување, на чуден начин, со несоодветен сексуален партнер. Сексуалната перверзија е сериозна промена во природата и карактеристиките на сексуалната желба.. Психотерапијата со употреба на психотропни лекови може да помогне да се ослободи од таквото сексуално нарушување.

Но, дури и да постои, терапијата со лекови за сексуални девијации не може целосно да го реши проблемот. Приемот на хормони е препорачлив само со очигледни ендокрини нарушувања. Ако е болно за една личност да се бори со ненадејни сексуални импулси, нема да биде излишно да се земаат невролептици. Психотерапевтските сесии со искусен специјалист се најдобри. Не може да се потцени и улогата на поискусните сексуални партнери во животот на младата личност. Малку е веројатно дека ќе може да се заштити младата личност од нив, но главната задача е да се биде вистински пријател за него.

Во адолесценцијата, довербата меѓу децата и родителите е важна. Спречувањето на разни видови сексуални перверзии се заснова на соодветна едукација на децата. Треба да

се поттикнуваат високи морални квалитети, различни интереси и аспирации, создавање чувство на достоинство. Овие фактори го намалуваат ризикот од чудни сексуални нагони[34].

Развојните клетки, генетскиот инженеринг, нанотехнологијата и клонирањето се главното оружје на „медицината за нестареење“. Без да се прикаже злобата затскриена зад култот кон вечната младост, диктиран од некои моќници, се открива и се убедува јавноста дека во иднина луѓето што ќе имаат 100 години ќе биле млади. Ова и да се случи, нема да биде новост затоа што, како што било напишано во Библијата, старозаветните луѓе живееле по 300 до 400 години. Роберт М. Голдман, главниот од „American Academy of Anti-aging Medicine“, тврдел дека 100 години живот ќе значат младост, на конференција за печат во Бали.

Сепак, професорот не сакал да каже дека, ако од нашите баби сме очекувале мудри поуки и приказни за добра ноќ, во иднина ќе треба да ги видиме како објекти на сексуално задоволство. Ако се случи рано откривање на наследените генетски мутации и притоа се смени начинот на живот, би дошло до продолжување на животот, според Голдман. Ова би требало да биде светлата страна на хумаката медицина на вечната младост.

Во денешно време календарот би можел да се протолкува како ширење „геронтофилија“, збор што во блиска иднина ќе биде прогласен за навредлив и заменет со некој „нежен“ синоним. Голдман велел дека календарот на кој Софија Лорен на 71 година се соблече гола е показател за тоа како е изместена перцепцијата за староста.

1.2.Семејство – видови и карактеристики

Дефиниција за семејство

Обединетите нации ја даваат следната дефиниција за семејство: „Семејството е природна и основна единица на општеството и има право на заштита од страна на општеството и на државата.“

[34] https://mk.unistica.com/category/ 05.2021

Patterson и Rothausen велат дека поголемата употреба на зборот „семејство“ во истражувањата укажува на дефинирање како „брачниот другар и децата“ или „роднини во фамилијата“[35].

McDaniel и соработниците даваат дефиниција за семејството како група луѓе поврзани биолошки или емоционално. Тоа е група луѓе што е значајна за благосостојбата на човекот.

Семејството, како што е дефинирано во економијата, психологијата, социологијата, често е комбинација на претставите за домаќинството и родниниte[36].

Видови и карактеристики на семејството

Според структурата, постојат четири видови семејства:

- нуклеарно семејство;

- пошироко семејство;

- самохран родител;

- бездетно семејство.

А. Нуклеарното семејство или т.н. традиционално се состои од двајца родители (мајка и татко), нивните биолошки или посвоени потомци. Во овој вид семејство, родителите им пружаат љубов на своите деца, со емоционална поддршка меѓу членовите.

Б. Пошироко семејство е вид семејство каде што две или повеќе возрасни лица од различни генерации делат едно домаќинство. Во ваквите семејства се вклучени родители, деца, братучеди, тетки, вујковци, баби и дедовци.

В. Самохран родител е структура на семејство каде што детето живее со едниот родител, од која било причина освен ако причината е смрт на едниот од родителите.

[35] Thomson E, McLanahan SS (1992), Curtin RB. Family Structure, Gender, and Parental Socialization.368-378.
[36] Goulbourne, H.(2010) Transnational Families: Ethnicities, Identities and Social Capital. London: Routledge,2010.

Г. Бездетно семејство е вид семејство каде од која било причина нема потомци. Некои од нив можеби ќе имаат деца во иднина, но можеби не ни можат да имаат[37].

Семејството ги има следните карактеристични својства:

а. Емоционална основа: Семејството се темели на емоции и чувства и е основа за раѓање, мајчинска посветеност, братска љубов, родителска грижа. Семејството е изградено врз основа на љубов, сочувство, соработка и пријателство.

б. Ограничена големина: Големината е ограничена. Тоа е најмалата општествена единица.

в. Формативно влијание: Семејството е место во кое се формира личноста на неговите членови.

г. Нуклеарна позиција во општествената структура: Семејството е јадрото на сите општествени организации. Вкупната општествена структура е изградена од семејни единици.

д. Социјална регулација: Семејството е заштитено со законска регулатива.

ѓ. Универзалност: Нема човечко општество во кое некој вид семејство не се појавило, семејството што се состои од мајка, татко и нивните деца се наоѓа во сите заедници. За универзалноста придонесуваат нагонот за репродукција и заедничките економски потреби.

е. Одговорност на членовите: Членовите во семејството се со одредени обврски и одговорности[38].

Семејствата може да бидат изложени на многу стресни ситуации поради различни причини како развод, смрт во семејството, болно дете или дете со пречки во развојот. Семејството е составна единица на социјалното општество и незамисливо е заедницата да функционира без него. Тоа е универзална социјална институција и дел од човековата заедница. Различните традиционални и постмодерни дефиниции за семејството

[37] Lessenberry BM, Rehfeldt, RA.(2004) Evaluating stress levels of parents of children with disabilities. s231-244
[38] Symon JB. (2001) .Parent education for autism: Issues in providing services at a distance. Journal of Positive Behavior Interventions 2001; 3:160-174.

покажуваат дека тоа може да се дефинира од различен аспект на гледање на нештата. Сите семејства се соочуваат со промени при кои може да се изменат структурата на семејството, како и ефектот на растење и созревање на децата...[39]

Речиси сите автори, сеедно со што се занимаваат, се согласуваат со констатацијата дека семејството е група:

- Ман наведува дека семејството е мала група во која постои природно поврзување меѓу членовите.

- Екермен го определува семејството како примарна група како посредник меѓу индивидуата и општеството.

- Савичевиќ зборува за семејството како за социјална микрогрупа.

- Језерник го дефинира семејството како прва група на која ѝ припаѓа секоја човечка единка.

- Никола Рот зборува за семејството како за социјална група.

Во социолошката литература се укажува на фактот дека семејството е релативно затворена и интимна општествена заедница. Екермен доста пластично го определува семејството како „парадоксална“ и несфатлива појава, која добива многу форми, насекаде е исто, сепак никаде не и исто. Со векови е исто, сепак никогаш не е исто. Секое семејство е подложно на внатрешни промени што се одредени од внатрешните врски на мажот и жената и родителите и децата или поточно од односите на секој член на семејството со другите членови во него во дадено време и простор. Ако семејството е група, како што се согласуваат повеќето автори, тогаш како група е динамична категорија подложна на менување по влијание на дејствувањата што доаѓаат однатре и однадвор. Во различни периоди од животот на поединечните членови во семејството се менува и структурата на семејството. Една индивидуа има различна улога во различни периоди од својот живот (дете, младинец, возрасен, женет, мажена, со деца или без, вработен или не и сл.). Морган нагласува дека семејството е чедо на општеството и го следи неговиот развиток.

[39] McDaniel SH, Pisani A (2005) "Interpersonal Relationships". Clinical Guide to the WHO International Classification of Functioning, Disability. American Psychological Assocation Publications . 569:590

Респектирајќи ја минливоста на семејната средина, се определуваат некои карактеристики за семејството:

- Семејството почива врз хетеросексуални врски со кои се задоволуваат природните потреби на мажот и жената, кои обезбедуваат репродукција и потомство (биолошка основа). Денес во светот во некои земји е дозволено вклучување брак и врз хомосексуални односи.

- Семејството заснова систем на сроднички односи како основа на полови табуа и поделба на улогите, т.н. биосоцијална основа.

- Семејството развива и обезбедува социјални и индивидуални особини на личноста, т.н. социјална основа.

- Семејството може да обезбедува и определена економска дејност, т.н. економска основа.

Доланц вели дека посебноста на семејството е што во него на прво место мора да постои љубовта како сила што има моќ на поврзување на членовите и им дава богат и полн семеен живот. Никола Рот го определува семејството со посебни карактеристики и одвојува некои особини:

- тие се поинтензивни од социометриските врски меѓу членовите во другите групи;

- постои пообемна и посложена интеракција затоа што постојат блиски и поразновидни односи меѓу членовите;

- врските меѓу членовите во семејството имаат посебни квалитети – интензивна емоционална поврзаност меѓу сите членови, сопружниците, родителите и децата, браќата и сестрите;

- интерперсоналните врски се посебни, посложени, поинтензивни и подлабоки од оние во другите видови групи;

- овие врски посебно ги карактеризира интимност во односите, постојат доверба и слободно манифестирање на чувствата и на мислите и непречено манифестирање на особините на личноста;

- семејната група е доста трајна иако односите меѓу членовите се менуваат поради биолошките и психолошките промени кај одделните членови и поради промените во општествените сфаќања за улогата на поединечните членови во семејството[40].

Семејството како општествена група секому му е блиска, позната и разбирлива зашто речиси секој поединец во неа го започнува и го завршува својот живот. Семејството е логична последица на бракот, а бракот е општествено признаен однос меѓу мажот и жената. Бракот претставува релативно трајна полова и општествена заедница (врска) меѓу мажот и жената, која ја признава општеството. Денешниот брак меѓу брачните двојки е граѓански брак. Се склучува пред државните органи со правни прописи. Црковните бракови се склучени пред црковните органи и регулирани со црковни норми.

Бракот може да се јави во повеќе форми:

- моногамија (заедница на еден маж и една жена);
- полигамија (заедница на повеќе брачни партнери), која може да биде полигинија (еден маж со повеќе жени) и полиандрија (една жена со повеќе мажи);
- кохабитација (заедница на двајца што не е правно регулирана);
- живот на самци (неженето и немажено население), чиј број во современите општества сè повеќе се зголемува;
- хомосексуални парови (заедница на претставници од ист пол);
- бракови без деца (брачна заедница без деца).

Во минатото доминирале големи семејства во кои таткото имал надредена положба над жената и над децата. Денес преовладува мало семејство, нуклеарно, каде што владеат демократски односи. Односите меѓу членовите во семејството се регулираат со правни и морални норми, што зборува за значењето на семејството во општествениот живот. Во секоја историска епоха на човековата историја се развивале соодветни облици на семејства и семејни односи. Мажот и жената се рамноправни и подеднакво придонесуваат за материјалните добра, за заедничкото домување, како и за одгледувањето и воспитувањето на децата. Авторитетот во современото семејство е рамноправно поделен

[40] Костова М., Бараковска А., Маказлиева Е., 2005, Педагогија за трета година, Просветно дело, Скопје, стр. 134-138.

меѓу мажот и жената. Роднинството е биосоцијална врска меѓу членовите на семејството како резултат на брачниот полов однос. Се забранува родоскврнавење (инцест), односно полови односи меѓу татко и ќерка, мајка и син, брат и сестра.

Без оглед на бројот на членовите, секое семејство е повеќефункционална општествена творба.

Грижата и социјализацијата на децата е препуштена на детските установи и училиштата, а раѓањето на децата се ограничува на едно или две. Во современото семејство е намален бројот на членовите, мажот сè почесто самостојно настапува во процесот на трудот и сè повеќе е отсутен од домот, а жената сè повеќе настојува рамноправно да учествува во обезбедувањето на средствата за живот и за егзистенција. Во современото семејство улогите на членовите се менуваат, односите меѓу брачните другари, родителите и децата сè повеќе добиваат партнерски карактер, што во исто време значи нивно психолошко оддалечување. Сепак, основните функции можат да се извршуваат само во здравото семејство. Првата функција е биолошко-психолошката. Тоа значи дека сопружниците во семејството ги задоволуваат половите односи, ги одгледуваат децата и воспоставуваат односи на љубов, заемно почитување и поврзаност. Најстара функција на семејството е социјализаторската. Преку социјализацијата детето ги прифаќа културните обрасци на заедницата во која се раѓа и расте. Економската функција на семејството се состои во обезбедувањето и во трошењето на материјалните средства за живот на сите членови. Овде новороденото дете преку воспитувањето од своите родители со подготвува за живот во општеството[41].

Според статистичкото одделение на ОН, семејниот нуклеус се сфаќа како заедница на брачен пар без деца, брачен пар со едно или повеќе деца што не се во брак, татко со едно или повеќе деца што не се во брак или мајка со едно или повеќе деца што не се во брак. Семејството претставува заедница на лица што живеат заедно поврзани со крвно сродство, брак (вонбрачна заедница) или посвојување, а меѓу нив постојат права и должности утврдени со закон. Може да се зборува за два вида деинституционализација на семејството:

[41] Трајкова Г., 2010, Граѓанско образование за средни стручни училишта, Графички центар, Скопје, стр. 38-40.

- прво, сè помал број луѓе сметаат дека бракот е единствено форма на заеднички живот меѓу маж и жена;

- второ, се менуваат правните норми, кои придонесуваат кон слабеење и променливост на брачните врски, како на пример изедначување на брачните и вонбрачните деца, либерализација на разводите, признавање на вонбрачните заедници итн.

Семејството засновано на брак ја губи биолошко-репродуктивната функција, односно раѓањето деца и прокреацијата веќе не се ексклузивитет само на брачната заедница.

Се раскинува врската меѓу сексуалноста, бракот и репродукцијата, што резултира во деинституционализацијата на односите меѓу партнерите и нивното репродуктивно однесување. Се менуваат и семејните функции: биолошко-репродуктивна, социјализаторска, воспитно-образовна, заштитна, економска.

Различните семејни форми ја поставуваат основата за многу претпоставки за иднината на семејството, па дури и мислењето за постепено исчезнување на семејството како институција и постојано зголемување на семејните варијации.

Семејството е променлив и динамичен ентитет, кој е во постојан развој и менување со текот на времето, а најдраматични се промените што настануваат во семејната структура. Денешното современо семејство доживеа трансформација во повеќе неконвенционални форми на заедници (хетеросексуална и хомосексуална кохабитација – вонбрачен живот, заедница со вонбрачно родени деца, самечки домаќинства, семејства на самохрани родители, бездетни семејства, реконструирани семејства, семејства со поделено старателство врз децата, семејства каде што брачната врска не е раскината, но живеат раздвоено поради миграција или работа и многу други). Но врз структурата на семејството влијаат и промените во статусот на жената (образование, идентитет, автономија, финансиска самостојност). Семејните домаќинства во развиените земји стануваат сè помали, но покажуваат се поголем диверзитет и комплексност во структурата и динамиката.

Треба да се прави разлика меѓу поимот семејство и домаќинство. Домаќинството се дефинира како „семејна или друга заедница за која се карактеристични заедничко домување, стопанисување и трошење на приходите, т.е. претставува економска заедница на луѓето што живеат заедно“. Произлегува дека домаќинството е: посебен вид економска заедница, дел од семејството од економски аспект, може да биде пошироко од семејството од аспект на големината, но и да го сочинува само еден член (за разлика од семејството, кое не може да биде едночлено), може, но не мора да биде засновано на семејни односи, може да содржи повеќе од едно семејство, со едно или повеќе лица што не се сродници или сите лица што не се сродници (за разлика од семејството, кое не може да се состои од повеќе од едно домаќинство).

Како што функциите на производство и социјална заштита се предаваат на пазарот и на државата, членовите на семејството се помалку зависни од семејството и од роднините, а повеќе од надворешните ресурси во задоволување на потребите за лична сигурност и добросостојба. Современото семејство побргу ја губи способноста за извршување на некои свои основни функции отколку што општеството е подготвено да ги преземе тие функции.

Значајна промена е дефамилизацијата на згрижувачката функција на семејството, т.е. трансфер на грижата за децата од семејството (градинки, дневни центри итн.): грижата за старите лица ја преземаат домовите, образовната функција училиштата, едукативните центри итн.

Традиционалните повеќедетни семејства во кои важела логиката „колку повеќе деца – толку подобро“, каде што постоеле и солидарност и производство на добра за живот, се трансформирале во семејства со помал број деца. Семејната солидарност, која била силна во традиционалното семејство поради почестите и поблиски контакти меѓу членовите од проширеното семејство, слабее во современото семејство, кое е изолирано и чии членови се упатени сами на себе во надминувањето на тешкотиите. Во современите семејства постои спротивната логика, „колку помалку деца –толку подобро“, оти тоа значи повисок животен стандард, бидејќи ова семејство претставува потрошувачка заедница што добрата потребни за живот не ги создава сама со помош на децата како во традиционалните семејства, туку ги купува на пазар.

Современото семејство ги нема тие обележја. Односите се поегалитарни, постојат демократија, рамноправност и право на глас, родителите се растргнати меѓу семејниот и професионалниот живот, а децата се инволвирани во општествени институции, училишта, центри, клубови. Животот се одвива со голема динамика и во голема мера надвор од семејството како институција.

Зависноста од државата и од пазарот ги еродира семејните врски, а индивидуалните членови ги прави независни актери што слободно ги бараат приватните задоволства надвор од семејството и во најголема мера се оптоварени со обврските да им служат на пазарот (како работници и потрошувачи) и на државата (како плаќачи на данок и јавни службеници).

Во традиционалните семејства доминира мажот со авторитарна улога и животот се карактеризира со предвидливост, повторливост и сигурност.

Се менуваат и односите меѓу родителите и децата, кои се поранливи, помалку стабилни, но позадоволувачки и се предмет на многу поголеми когнитивни и емоционални инволвирања. Односите меѓу партнерите се карактеризираат со премин од комплементарност кон егалитаризам, од нормативно однесување кон однесување базирано на индивидуален избор, од командно кон преговарачко одржување на домаќинството.

Односите меѓу родителите и децата исто така минуваат низ промени од родителска моќ кон родителски авторитет, од потчинетост кон саморазвој, од послушност кон експлорација, од унилатерална кон билатерална трансмисија на знаење и вредности. Главна преокупација на современото семејство станува воспоставувањето рамнотежа меѓу семејните обврски и професионалните активности, што се одразува и врз бројот на деца и врз начинот на живот.

Односот меѓу неплатената женска работа во семејството и вработеноста (пред сè на мажот) значајно се менува во текот на дваесеттиот век. Во современото семејство се воспоставува нова рамнотежа меѓу половите во однос на семејниот и работниот ангажман и меѓу производната и биолошко-репродуктивната функција во семејството. Таткото од строг родител се трансформира во демократски родител што води дијалог со децата.

Постојат промени и во улогата на мајката. Таа се менува од домаќинка што целиот свој живот го минува затворена дома во вршење домаќински работи, кон жена што активно учествува со мажот на пазарот на трудот и придонесува за семејниот буџет. Наместо економска и финансиска зависност од мажот, еманципацијата на жената ѝ носи вработување и независност, повисок економски статус и поголема партиципација во општествениот живот. Сè повеќе од главен хранител на семејството мажот станува учесник во обезбедување на семејната егзистенција заедно со жената, како и во одржување на домаќинството и грижата за децата. Современото семејство веќе не претставува заедница во која е доминантен мажот како глава на семејството што има авторитативна улога, туку заедница во која и жената и децата имаат сè порамноправен статус со него.

За разлика од традиционалната сексуална зависност од мажот, современата мајка има поголема слобода да ги контролира раѓањата во зависност од професионалната кариера и својата лична желба и избор, кои сè повеќе се клучни за одлуката поврзана за раѓањето деца во семејството. Зајакнувањето на нејзиниот индивидуалитет и интегритет ѝ овозможува на мајката воспоставување многу полиберален и поегалитарен однос отколку претходно, кога, во основа, му била подредена на мажот.

Во современите семејства се воспоставува систем на заштита на детето преку кој државата интервенира тогаш кога семејството како институција ќе пропушти да ги заштити правата на детето и да овозможи задоволување на неговите потреби.

Детето веќе не е занемарено, туку има идентитет и права, претставува вредност само по себе и е центар на семејниот живот. Детето е многу помалку подредено на родителскиот авторитет, води дијалог со родителите, а неговите потреби се признаваат и се респектираат. Тоа е помалку зависно од семејството, порано го напушта, порано се вклучува на пазарот на трудот и живее во засебно домаќинство од родителите.

Правото на родителот врз детето се трансформира во родителска одговорност и обврска. Современиот живот, сè помалиот број деца, географската мобилност и миграции ги ограничуваат можностите на проширеното семејство, мрежата на семејна грижа, како и мултигенерациската корезиденција (живот во исто домаќинство).

И во улогата на детето постојат промени. Тоа веќе не е произведувач, ниту е подредено на обезбедување на семејната егзистенција, туку е потрошувач што консумира голем дел од семејниот буџет и кон кој е насочен напорот на родителите да му се обезбеди иднина. За разлика од порано, кога особено женските деца биле исклучени од образованието, во современото семејство во ителектуалниот развој на децата се вложува многу уште од најмала возраст.

Во овој контекст се потребни решенија за усогласување на грижата за старите лица со квалитетот на животот на родителите, како и нивната одговорност кон сопствените деца.

Потребите од зајакната семејна грижа стануваат особено актуелни во услови на стареење на населението, кога дегенеративните болести траат со години, а товарот од оваа зависност на старите лица станува оптоварувачки за целото семејство.

За разлика од традиционалното семејство, постои општо слабеење на капацитетите на современото семејство за неформална заштита поради повеќе причини:

- Временскиот период во кој е потребна паралелна грижа и за децата и за старите лица. Се актуализира т.н. сендвич-генерација на жени од 40 до 59 години, кои се грижат истовремено и за своите деца и за своите родители, а покрај тоа и активно учествуваат на пазарот на трудот.

- Се продолжува временскиот период поминат во грижа и нега на старите лица. Претходно потребата од згрижување на старо лице во семејството траела 5-10 години поради пократкиот животен век на старите лица, денес тој период временски е пролонгиран на 20-30 години.

- Има сè помалку членови на семејството под 65 години на располагање да се грижат за оние над 65-годишна возраст. Ова е резултат на вертикалното (по генерации) наместо хоризонталното (по број на членови) проширување на семејството, предизвикано од демографското стареење. Кон ова придонесува и нискиот фертилитет на „baby-boom“ генерацијата (родена по Втората светска војна), која и самата не успеала да создаде доволно деца што по реципроцитет би се грижеле за нив.

- Меѓугенерациската солидарност на микрониво, во семејството, е отежната поради одвоениот живот. Многу често ова е случај во развиените земји, каде што постои практика на одвоен живот на старите родители од нивните деца. Постои тенденцијата на зголемување на бројот на стари лица што живеат сами во засебни домаќинства од своите деца и тогаш се актуализираат формите на помош од поширокатa социјална мрежа, како соседи, пријатели и сл.

- Поради подолгиот животен век на жената, на неа паѓа најголем дел од товарот за неформална заштита (таа се грижи во текот на животот често и за своите деца, и за своите стари родители, и за својот брачен партнер). Поради ова, жените најчесто остануваат до длабока старост да живеат сами.

- Во современите општества жената како основен носител на неформалната заштита за децата и за старите лица има поинаква улога, поради своето сè поголемо учество на пазарот на трудот.

Истражувањата покажале дека постои т.н. феминизација на стареењето, односно на значително поголемото учество на жените во старото население и меѓу самечките домаќинства[42].

Семејството е оптоварено со грижа и нега на старите членови во услови на:

- развиена мрежа на социјални услуги за помош во домашни услови и во заедницата, кои би му помогнале на семејството во грижата за старите членови;

- неквалитетна институционална заштита во помалку развиените земји;

- недоволна поддршка преку финансиски средства (парична помош, пензии за долгорочна заштита и услуги за покривање на дополнителните трошоци во староста).

Неформалната заштита на старите лица претставува помал проблем во помалку развиените земји и земјите во транзиција, кај кои во услови на демографско стареење сè уште постои голема меѓугенерациска солидарност (заемна грижа) меѓу старите лица и нивните деца, кои често живеат во заедничко домаќинство.

[42] Борнарова, С. (2014) Семејна политика, Скопје, Филозофски факултет, Скопје, стр. 19-21.

Наместо на старите лица да се гледа како на „товар“ врз семејните ресурси од аспект на згрижување и заштита, треба да се истакне и нивниот придонес кон семејството. Старите лица се ресурс во семејството што има можеби не толку лесно мерлив, но голем придонес. Тој се состои во улогата на старите лица во одржување на домаќинството, чување и грижа за децата, грижа за болните членови во семејството (возрасни, стари и деца), помош за воспитување и образование на децата. Се менуваат и обрасците на неформална заштита, која е отежната поради промената на улогата на жената во семејството, која најчесто ја има главната улога во грижата за зависните членови (децата и старите лица).

Економски може да значи зајакнување на добросостојбата на семејствата, но и осиромашување на семејството заради слабеење на капацитетот за заработка во услови кога емигрантот што бил главниот хранител ги прекинува врските со семејството во земјата на потекло. Миграцијата остварува ефекти по семејствата во повеќе домени.

Од друга страна, на социјален план, влијае врз промена на семејната структура и улоги (на пример, мајката ги презема улогите и на таткото емигрант).

Честа е појавата кога миграцијата е придружена со семејни конфликти, отуѓување, а долгорочно и развод поради оддалеченоста. Децата на емигрантите живеат долг временски период без едниот/двајцата родител/и и на тој начин се изложени на повеќе социјални ризици со кои семејството потешко може да излезе накрај бидејќи слабее капацитетот на семејството за неформална заштита.

Миграцијата има и повеќе демографски ефекти врз структурата на семејството. Таму каде што емигрира само главата на семејството (најчесто мажот) таквата појава резултира во зголемен број на еднородителски семејства. Влијанието на миграциите врз стапките на фертилитет се анализира од два аспекта:

- во земјите на потекло, со изразена емиграција на мажот во семејството и на жените во период на ферталитет, постои намалување на стапките на фертилитет.

- во земјите на дестинацијата и имиграцијата – стапките на фертилитет карактеристични за населението што имигрира можат да се одразат врз вкупната стапка на

фертилитет во земјата на имиграција (особено во земји во кои е изразена и се поттикнува имиграцијата).

Се менува и демографската структура на населението во земјата на потекло, особено во земјите со високи стапки на емиграција, од причина што најголем дел од емигрантите се млади лица на возраст од 20 до 35 години. Во однос на внатрешната миграција, со иселување на младите од селата, се разделуваат семејствата и доаѓа до промена на структурата на населението во руралните области (се зголемува бројот на старечки домаќинства оставени без помош и грижа).

Познати се и неколку аспекти што го прават специфичен процесот на промени во семејствата од Централна и Источна Европа:

- Транзицијата донесе промени во општествените норми и вредности, што влијаеше врз донесувањето на семејните одлуки во услови на општествена несигурност и сè уште неоформен нов систем на вредности, но и во услови на зголемена лична слобода на избор.

- Транзицијата ги ослабе државните институции, вклучително и оние за заштита на семејството. Во ваква ситуација на недостиг на поддршка од државата, семејствата беа принудени да ги остваруваат своите функции потпирајќи се пред сè на социјалниот капитал (неформалните социјални мрежи на поддршка).

- Брзата промена што одненадеж се одрази врз сите сфери од општествениот живот, врз семејните функции и личната грижа на членовите на семејството. Поради брзината на промените беше отежнато приспособувањето кон новонастанатите услови.

- Социјализацијата на децата се одвива во средина на ослабени, често конфликтни норми и вредности. Семејството веќе е трансформирано, во поголема или помала мера приспособено на новото општествено милје, но останува да се подобрат условите и јавната поддршка за подобро и поефикасно исполнување на неговите основни функции.

Во многу земји од Централна и Источна Европа процесот на транзиција, кој беше неизбежен, е завршен, а во други се стабилизира и се приближува кон крајот. Борејќи се за опстанок во процесот на транзиција и во обидите за зголемување на животниот стандард, семејството беше ослабено од аспект на контрола на однесувањето на децата, што го

олесни пробивањето на социјалните проблеми од типот на наркоманија, алкохолизам, деликвенција и др.

Она што е важно да се нагласи во контекст на семејната политика е фактот дека промените во семејните функции, како и сите други промени во семејството предизвикани од трендовите на пад на фертилитетот и нупцијалитетот и пораст на диворцијалитетот, се одразуваат и ги обликуваат мерките на семејната политика. Од карактеристиките на семејството во даден општествен контекст и милје ќе зависат и карактеристиките и целите што пред себе ќе ги постави семејната политика во тоа општество. Под влијание на промените во семејните функции и промените во структурата, големината, моделите, улогите во семејството што произлегуваат од нив, семејната политика се соочува со повеќе предизвици, меѓу кои се:

- да се анализираат и да се земаат предвид демографските и социоекономските трендови што го погодуваат семејството;
- да се признае диверзитетот на семејните форми;
- да се одговори на потребите на вработените родители;
- да се земе предвид падот на фертилитетот поради евентуално спроведување на пронаталистички мерки;
- да се избори за рамноправност во распределбата на јавните ресурси (деца – стари лица) во контекст на демографското стареење, во услови на недостиг на овие ресурси и традиционална насоченост на јавните ресурси кон детската популација;
- континуирано и флексибилно да ги приспособува мерките на карактеристиките и промените во современото семејство.

Особено голем предизвик за семејната политика претставуваат промените во неформалната семејна заштита, односно слабеењето на капацитетот на семејството за неформална заштита.

Од овој аспект, семејната политика се соочува со повеќе предизвици:

- да ги препознае, признае и да се приспособи на овие промени;

- да се насочи кон поддршка на неформалната заштита заради нејзино задржување и одржување во иднина;
- сè повеќе да креира мерки со кои на жената ѝ се олеснува двојната улога (домашните обврски и учеството на пазарот на трудот);
- да креира и да реализира програми за директна парична и непарична поддршка за семејствата за децата и старите лица;
- да врши прераспределба на лимитираните јавни ресурси (од сè помалиот број деца кон сè поголемиот број стари лица).

Ефикасноста на специфичните семејни политики зависи од поширокиот контекст во кој се имплементираат. Постои разлика меѓу целите што се поставуваат во рамките на семејната политика и нивното влијание врз семејството. Семејната политика мора да ефикасно и ефективно да излегува накрај со промените во семејните односи и улоги, родителството и меѓугенерациските односи. На пример, показател за тоа дека присуството или отсуството на одредени семејни политики не мора неопходно да значи нивна ефикасност се наоѓа во анализата на високите стапки на фертилитет во САД споредени со оние во Канада или во Западна Европа, а кои се спротивни на она што би се очекувало од аспект на семејната политика. Повисокиот фертилитет во САД не е резултат на некоја специфична семејна политика, туку на комбинација на неколку други социјални феномени, на пр. повисокиот фертилитет кај одредени расни и етнички групи, ран почеток на раѓањата и, особено, високите стапки на бременост меѓу адолесценти, како и повисокото ниво на религиозност, кое е показател повеќе на традиционално отколку на секуларно општество.

Може да се заклучи дека при формирањето на мерките на семејната политика мора да се земат предвид и општествениот контекст, како и влијанието на други социјални, економски, културни фактори, од кои понекогаш во најголема мера зависи успешноста на семејната политика. Исто така, постои неоспорна потреба од фундаментално рекструктурирање, пренасочување и приспособување на семејната политика кон семејните потреби карактеристични за современото демократско општество.

Притоа, треба да се земат предвид потребите на семејствата со сите нивни национални специфичности и сите постојни семејни форми за да може да се придонесе кон социјалниот развој на општеството во целина[43].

1.2.1. Фактори што влијаат врз семејната кохезија

Кохезијата често се поврзува со адаптибилност, но овие две конструкции не само што концепциски се различни туку се и мошне неповрзани. Кохезијата кај едно семејство ја претставуваат емотивните врски што членовите во семејството ги покажуваат едни кон други, што ги држи заедно во еден систем.

Minuchin посочува дека како екстреми во континуитетот на кохезија во семејствата се јавуваат концептите на ангажираност и неангажираност. Семејствата со висока ангажираност се премногу вклучени во заштитата на своите деца. Тогаш таквите премногу заштитнички семејства можат да предизвикаат лошо влијание врз развојот на децата бидејќи не можат да ги промовираат нивниот развој и независност[44]. На крајот од истражувањето се дава заклучок во кој се вели дека и оние семејства што имаат екстремно ниво на кохезија и адаптибилност се задоволни од функционирањето на своето семејство.

Olson и соработниците во едно истражување истакнуваат дека од семејство во кое има умерено ниво на кохезија и адаптибилност се очекува подобро да функционира, за разлика од семејство што има екстремно ниво на кохезија и адаптибилност[45].

Семејствата во кои има деца со развојни нарушувања се уникатни во своите искуства и имаат широк спектар на семејна динамика. Процентот на адаптибилност на семејството се однесува на способноста на семејството да се соочи со животната ситуација, да се генерираат нови патишта и решенија на проблемите, да се менуваат улогите и одговорностите. Способноста на едно семејство да стане флексибилно, со можност за реорганизација за нови предизвици, се претпоставува дека ќе им овозможи и

[43] Борнарова, С. (2014) Семејна политика, Скопје, Филозофски факултет, Скопје, стр. 21-25.

[44] Beckman P. (1991) Comparison of mothers' and fathers' perceptions of the effect of young children with and without disabilities. American Journal of Mental Retardation 1991; 95: 585-595. 138

[45] Gray DE. (1994). Coping with autism, Stresses and strategies. Sociology of Health &Illness 1994;16: 275-300

на неговите членови да исполнат многу предизвици на семејниот живот. Но ригидноста во семејната динамика придонесува да се задушат креативното размислување и решавањето на новите проблеми[46].

Дефиниција за адаптибилност е мерата за способност на семејство за промени, како одговор во стресна ситуација. Ова е тип на семејство каде што се има став дека таткото е глава на семејството, а со тоа мајката има голем товар во грижата за семејството.

Адаптибилноста може да биде од големо значење за поединците каде што има потреби и се бара зголемено решавање на проблемите. Ако адаптибилноста се сфати како континуум, тогаш на едниот крај од тој континуум се наоѓа ригидното семејство, кое не менува ништо во ситуација кога треба да одговори на голем стрес[47].

Се наведува дека ниската адаптибилност е најсилниот индикатор за депресија на родителите. Seligman и Darling посочуваат дека постојат области што го подобруваат семејното функционирање на семејствата. Тоа се кохезијата и адаптибилноста на семејството, механизмите за излегување накрај како што е социјалната поддршка итн.

Кај општата популација високото ниво на семејната адаптибилност е поврзано со помал процент на проблеми и во однесувањето со децата. Кога функционира, семејството добро има добар баланс на кохезија и адаптибилност. Има многу студии што го мерат механизмот за излегување накрај на семејствата, но ниту една не вклучува и не ги мери нивото на семејното функционирање и задоволството од функционирањето на семејството[48].

Семејната кохезија се дефинира како емотивна врска меѓу членовите на семејството.

Се наведуваат четири нивоа на кохезија: разединетост (многу ниско), одвоеност (ниско до умерено), поврзаност (умерено до високо) и вмрежување (многу високо). За оптимално функционирање на семејството најпосакувани се централните нивоа на кохезија (одвоеност и поврзаност), додека крајностите генерално се гледаат како проблем.

---

[46] Kogan MD, Strickland BB, Blumberg и др.. A National profile of the health care experiences and family impact of autism spectrum disorder among children in the United States. Journal of the American Academy of Pediatrics 2008; 122 (6):1148–1159

[47] Deimling G, Smerglia V, Schaefer M. The Impact of Family Environment and DecisionMaking Satisfaction on Caregiver Depression, Journal of Aging and Health, Sage Publications, Inc 2001; 13(1):47-71.

[48] McCubbin H, Larson A, Olson D. F-COPES Family Crisis Oriented Personal Scales. In H. McCubbin & A. Thompson (Eds.), Family assessment inventories for research and practice. Madison, WI: University of Wisconsin, Madison; 1987.

Флексибилноста на семејството (приспособливост) е способност на семејствата за промена на раководството, улогите и правилата во односите. Лидерството вклучува контрола и дисциплина, кои, во зависност од стилот на преговори и улогата во реакциите, градат правилен семеен систем.

Секое семејство е систем што има граници во кои се одвиваат сите интеракции меѓу членовите За да го разбереме подобро семејството, ги дефинираме неговите граници, структура, потсистеми, хиерархија... Сите семејства содржат спротивставени сили, кои се во меѓуигра и воспоставуваат рамнотежа. Во кризна ситуација и предизвици, оваа рамнотежа е нарушена и потребно е да се систематизира и да се реорганизира за да продолжи да функционира.

Во семејствата постојат четири нивоа на приспособливост: круто (многу ниско), умерено, флексибилно и хаотично (многу високо).

За успешно функционирање се подобри средните нивоа, додека крајностите се проблематични.

Семејната комуникација вклучува запознавање на другите членови на семејството со своите идеи, мисли и чувства; колку семејството има вештини за слушање, вештини и јасност на говор, можност за следење на континуитетот на говорење, респектирање и почитување на другите наспроти истакнување на самиот себе. Токму оваа димензија зборува колку членовите на семејството се задоволни едни со други.

Нефункционалните семејства најчесто го одложуваат решавањето на проблемот, не исполнуваат задачи, не одговараат на потребите на сите членови. Ова семејство е постојано во криза, не го препознава проблемот кај своите членови и не забележува потенцијално распаѓање на системот. Семејното задоволство подразбира и квалитет на меѓусебните односи на членовите во семејството[49].

Поради ова, генерализацијата на резултатите е ограничена и потребно е да се направат што повеќе истражувања во различни култури и заедници за подобро да се разбере врската меѓу семејството и психичкиот живот на човекот. Семејствата имаат многу значајно влијание врз психолошкиот развој на секоја индивидуа и ова влијание не е универзално, туку зависи од голем број фактори, некои културолошки поврзани со

[49] Marković, J., i sar.: Karakteristike funkcionisanja porodica zavisnika koji su na programu supstitucione terapije metadonom -Specijalna edukacija i rehabilitacija (Beograd), Vol. 14, br. 2. 211-230, 2015 стр.2

заедницата или со средината.

Се создаваат нови семејни правила, договори и тајни, а границата во рамките на системот на вредности и норми е нарушена. Во дисфункционалните семејства постои нарушување на организацијата, интеракцијата, комуникациите, хиерархијата и семејните улоги се мешаат[50].

Времето во кое живееме е времето кога семејството, образовните принципи и меѓучовечките семејни односи брзо се менуваат и со тоа се губи врз квалитетот и значењето. Ова е време во кое се заборава дека семејното опкружување е средина во која се стекнуваат првите социјални контакти, се остваруваат првите меѓучовечки односи, се доживува нивната психолошка вредност, се создаваат поими за светот и за меѓучовечките односи, се учи логиката на социјалните односи и се сфаќа улогата во општеството. Во семејството се стекнува првото знаење, се учат вештини, навики и способности. Секое семејство е уникатно и различно од другите, но семејствата по многу нешта се и слични.

Емоционалниот живот на една личност се развива и се стабилизира во семејството, со основните структури на личноста, формирање на светогледот, како и естетска и морална култура. Ова се постигнува со помош на воспитанието од родителите со најважната улога и задача, а тоа е создавање и формирање зрели, способни, вредни и искрени личности.

Нестабилна семејна кохезија се јавува како предикат за успешноста на бракот. Се смета дека нестабилната семејна кохезија доведува до неуспешни семејни односи.

Секој ден, сите семејства се борат со истите проблеми и истите предизвици. Семејството е каменот темелник на општеството, каде што, покрај најтешките, има и најсреќни моменти, но само ако поминуваме доволно време со своето семејство и ако успееме да ги препознаеме и да уживаме во сите моменти што тој благослов ни ги дава[51].

Се смета дека семејната кохезија е многу важна за постигнување зрели семејни односи на сите членови. На испитаниците им беа поставени многу прашања со цел да се утврди точноста на оваа хипотеза.

Кохезијата претставува димензија на емотивните врски меѓу членовите на

[50] Marković, J., i sar.:(2015) Karakteristike funkcionisanja porodica zavisnika koji su na programu supstitucione terapije metadonom -Specijalna edukacija i rehabilitacija (Beograd), Vol. 14, br. 2. 211-230, 2015 стр.4

[51]Mirzeta J.(2015) Doktorska disertacija „Porodična psihodinamika i kohezija kao prediktor uspjeha učenika u školi "EVROPSKI UNIVERZITET BRČKO DISTRIKT BOSNA I HERCEGOVINA PEDAGOŠKI FAKULTET стр.5-13

семејството. Нестабилната семејна кохезија се однесува на нецелосни семејства, растење на децата без еден или двајцата родители. Семејната психодинамика и кохезија како тематика бара повеќе внимание и квалитетна анализа, отколку што е присутна.

Сите проблеми во семејството не се приватни, туку општествени проблеми и не можеме да ги игнорираме, ниту пак да го негираме постоењето на растечките проблеми, туку треба да ги чуеме, да чувствуваме или да веруваме во тоа што го слушаме за семејствата. Ова е проблем на општеството како целина затоа што целокупниот развој на заедницата зависи од семејството. Врските што се случуваат во семејството се први важни алки за детето и за општествените односи. Сите последици што произлегуваат од нарушената психодинамика и нестабилната кохезија треба да бидат постојана и неисцрпна тема на голем број собири, теоретски дискусии на стручни и научни списанија и трудови. Семејството е каменот темелник на сите други односи и настани во општеството[52].

Кохезијата се мери со користење на одредени индикатори (варијабли), како што се: емоционална приврзаност, граници, коалиции, време, простор, пријатели, донесување одлуки и интерес за рекреација.

Семејната кохезија се дефинира како емоционална врска што постои меѓу членовите на семејството, односно како „степен на посветеност, помош и поддршка што членовите на семејството си ги даваат едни на други“.

Кохезијата се фокусира на одржување рамнотежа меѓу независноста (одвојувањето) на членовите на семејството и заедницата во него.

Д. Олсон разликува четири нивоа на кохезивност, кои се движат од многу ниска (одделување), ниска (независност, раздвојување), просечна (поврзаност) до висока кохезија (заедништво).

- Многу ниска кохезија е обележана со одделување на семејниот систем, што се карактеризира со ограничена и мала посветеност кон семејството, каде што членовите на семејството функционираат „секој за себе“: каде што се силни присутен индивидуалноста и независноста на членовите и каде што има екстремна емотивна разделба во рамките на семејството. Поединците едни од други ниту бараат помош во решавањето на своите проблеми, ниту наоѓаат поддршка во семејството, оставени се на сопствените потреби, го

[52]Mirzeta J.(2015) Doktorska disertacija „Porodična psihodinamika i kohezija kao prediktor uspjeha učenika u školi “EVROPSKI UNIVERZITET BRČKO DISTRIKT BOSNA I HERCEGOVINA PEDAGOŠKI FAKULTET стр.133

поминуваат своето време одделно, преовладуваат индивидуалните интереси.

- Ниската кохезија (раздвојување) подразбира присутна емоционална поделба, но не до толку екстремен степен како во одделените семејни системи. Членовите на семејството функционираат понекогаш одделно, понекогаш заедно – но со постојана поддршка и заедничко донесување одлуки.

- Поврзаноста (просечната кохезија) е опишана како емоционална близина и лојалност меѓу членовите на семејството. Бидејќи времето што е поминато заедно е поважно од времето поминато надвор од семејството, акцентот е ставен на заедништвото.

- Заедништвото (многу висока кохезија) значи голема зависност и вмрежување меѓу членовите на семејството – но и премала независност во него. Во случај на многу висока кохезија, постои недостиг на лична независност и приватност и насочувањето на енергијата во семејството, што е квалитет на оваа врска. Постои преголема количина на емоционална близина во врската, што е придружено со голема зависност на членовите на семејството едни од други.

Патријархалното семејство често се поистоветува со брачен и семеен модел на односи со силна кохезија. Знаејќи ги сопственото место и улога во семејството, се обезбедува интеграција со сите членови на семејството. Заедничкиот елемент што ги „држи“ членовите на семејството „обединети“ е економската функција како доминантна одлика на патријархалното семејство. Комплетноста на овој тип семејство е детерминирана со неговата економска функција, со цел да се обезбеди оптимална егзистенција на семејството.

Демократското (егалитарно, модерно) семејство се заснова на нешто поинаква форма на кохезија, која е придружена со изразена независност на членовите. Повторно, таа независност во основа е одредена од економскиот фактор, но овој пат со економска независност. Изразената индивидуалност на членовите на семејството, секако, од една страна е обезбедена со економската независност на старите лица, а од друга страна е даден поголем фокус на едукација на помладите членови на семејството. На сличен начин како и во претходниот случај, економскиот фактор ја диктира структурата на овој тип семејна организација, но на малку поинаков начин. Економската функција веќе не се одвива во семејството, туку надвор од него, така што постоењето на семејството е условено со влез на возрасни членови на семејството во областа на платеното вработување.

Семејната адаптибилност (флексибилност) се дефинира како „способност брачниот или семеен систем да ја смени својата структура на моќ, според улогите на воспоставени односи и правила што ги регулираат тие односи, како одговор на ситуацијата и развојниот стрес“. Оваа димензија на функционирање на семејството се мери со моделот Циркумплекс, користејќи ги следниве индикатори: моќ во семејството (контрола, дисциплина), стилови на преговори, врски засновани на улоги и правила што ги регулираат односите меѓу членовите на семејството. Со други зборови, под флексибилност се подразбира подготвеност на семејството да ги смени раководството, правилата и улогите.

Овој модел исто така разликува четири типа приспособливост, кои се движат од круто (многу ниско ниво), структурирано (ниско до просечно ниво), флексибилно (умерено ниво) до високофлексибилно (хаотично) семејство.

- Системот со крута приспособливост (многу ниско ниво) подразбира силна контрола, централизиран модел на донесување одлуки (повеќето семејни одлуки ги донесува еден член) со ограничена моќ на преговарање. Цврстата приспособливост ја одразува тенденцијата да се задржи статус кво во семејството.

- Флексибилната адаптибилност (умерено ниво) подразбира егалитарно лидерство со демократски пристап при донесување на семејните одлуки. Има отворени преговори и се вклучуваат и децата. Улогите се поделени, но и тие, како и правилата, може да се менуваат кога е потребно.

- Високофлексибилната адаптибилност (хаотичност) се рефлектира во неправилното или ограничено лидерство. Одлуките се носат импулсивно, но не и добро осмислени. Улогите во семејството се нејасни.

- Со модифицирање на патријархалниот тип, се консолидира модерниот тип на семејна организација, за кој може да се каже дека има поголема приспособливост бидејќи се заснова на подемократска, а со тоа и поеластична организација. Општествено условената, просторна мобилност на семејството истовремено наметна промена во составот и во структурата на самото семејство. Од друга страна, вработувањето на жените условува и промена на дистрибуцијата на семејниот авторитет, кој веќе не е строго централизиран, туку добива карактеристика на децентрализиран модел, што заедно води кон пофлексибилни семејни односи.

Патријархалното семејство можеме да го означиме како семејство со ниско ниво на приспособливост, на кое општествените промени во светски размери му нанесоа „последен удар“ и го предодредија да опаѓа. Под влијание на глобалните движења, не може да ја задржи својата ригидна традиционална структура и мораше да попушти под „стегите“.

Неодамнешните истражувања, студии за функционалноста на брачните дијади (врски) и семејствата, покажуваат слични резултати дека постои многу изразена кохезивност во брачните дијади (отворена комуникација и емоционална близина), додека, од друга страна, семејната приспособливост стекна хаотични (нефункционални) својства.

Големото влијание на макросистемот врз семејните односи вклучува истражување од лонгитудинален тип, нагласувајќи дека квалитетот на приспособливоста и кохезивноста на семејствата за време на социјално значајни промени (со акцент на социјалните кризи) се префрла од „претежно функционално кон изразито нефункционално ниво“.

Гледаме дека начинот на функционирање на семејството може да се обликува и од внатрешни (психолошки и социодемографски карактеристики) и од надворешни фактори, додека најчесто овие фактори дејствуваат комплементарно.

За ваквата состојба на брачните и на семејните односи М. Љубичич ја наведува потребата да се заштити семејството од социјалните промени[53].

Семејните и животните фактори ги вклучуваат тековните и минатите околности на функционирање на семејството, достапноста на социјалната поддршка од поширокото семејство, достапноста на ресурсите на заедницата, како и позицијата на семејството во заедницата, ситуацијата на домување и опремата во домаќинствата, како и вработувањето и семејниот приход.

Важни се и внатрешноста и надворешноста на станот и непосредната околина. За членови на поширокото семејство се сметаат роднини и нероднини и членовите на поширокото семејство што се отсутни, а се разгледуваат нивната улога и значење. Значајна е основната инфраструктура и опрема на домаќинството во однос на потребите

[53] Kaljević M. (2011) Emocionalna povezanost i adaptabilnost u porodicama . Sociološka luča V/2 Filozofski fakultet Nikšić стр.44-46

на семејството, како и адаптацијата на станот за сите членови на семејството.

Функционирањето на семејството е под влијание на околности како што се: кој живее во домаќинството и во каков однос е со децата, значајните промени во составот на семејството и на домаќинствата, искуствата на родителите од детството. Важни фактори за семејствата се: семејната историја, поширокото семејство, местото каде што се живее, вработеноста, приходите, социјалната интегрираност на семејството, ресурсите на заедницата. Семејната историја и функционирање зависат од психосоцијални и од генетски фактори. Тука спаѓаат и силите и тешкотиите на родителите (при што се забележува и отсуството на родител) и односите меѓу разделените родители. Треба да се разгледаат и хронологијата на значајните животни случувања и нивното значење за членовите на семејството, природата на функционирањето на семејството, врските со браќата и сестрите и влијанието на тие односи.

Пресудно е и вработувањето во семејството и моделот на вработување („на црно“, трајно, привремено, повремено, сезонски), работното време, итн., кои влијаат врз аранжманите за грижата за децата.

Значајни се и приходите што се на располагање на семејството (дали се тие доволни и колку ги задоволуваат потребите на семејството) и дали семејството има некакви социјални бенефиции, како и начинот на кој едно семејство ги троши приходите што му се достапни и дали има некои финансиски тешкотии што влијаат врз семејството.

Во основни услови се вклучуваат вода, греење, санитарија, опрема за готвење, спиење, хигиена и безбедност на просторот и нивно влијание врз членовите на семејството[54]. Многу важни се и начините на функционирање на семејството, кои вклучуваат и односи меѓу децата во семејството, родителска сила и тешкотии (присутен, но и отсутен родител), како и односите меѓу самите родители. Влијание врз семејниот живот може да имаат и значајните промени во составот на семејството или домаќинството, искуствата на родителите од нивното детство, како и животните случувања и нивното значење за членовите на поширокото семејство.

Врз функционирањето на семејството влијаат семејната историја, структурата на семејството, начинот и видовите односи на одделни членови на семејството со детето. Поширокиот контекст на соседството, населбите и заедницата исто така влијаат врз

[54] Žegarac N.(2015) Od problema do prilika u Vođenju slučaja Priručnik za praktičare- Podgorica стр.111-113

членовите на семејството. Степенот на интеграцијата на семејството во заедницата или социјалната изолација, групите на врсници, пријателите и друштвените мрежи исто имаат значење за семејството. Ресурсите на заедницата се сите институции и услуги во соседството, примарна здравствена заштита, градинки, училишта, верски институции, транспорт, продавници и места за рекреација, како и пристапноста и квалитетот на ресурсите во однос на потребите на семејството, особено за членовите со инвалидитет.

Индикатори на сила и тешкотии во областа на семејната историја и функционирање:

а) Важно е да се процени индивидуалното функционирање на родителите, кое вклучува физички и ментални болести, оштетување или попреченост, лични тешкотии или учество во асоцијални активности. Силни страни: соодветно функционирање во различни улоги во рамките на и надвор од семејството, добро здравје, надминување на физичките и на менталните болести или штета и на личните тешкотии.

б) Функционирањето на родителите може да биде под влијание на нивното детство и нивото на стабилност и заштита што го имале како деца за време на развојот, како и негативните искуства како што се изложеност на насилство, злоупотреба и загуба, каде што се гледа начинот на кој тие се однесуваат кон своите искуства од детството. Силни страни: стабилно детство заштитено од големи загуби и фрустрации, трауматските настани се надминати и има автономно функционирање. Тешкотии: нестабилна семејна средина во детството, изложеност на насилство, злоупотреба, отфрлање, загуба, болест, трауматично необработени настани и преокупираност, избегнувачка или неорганизирана приврзаност.

в) Влијанието на семејната историја се гледа во тоа дали и како значајни настани, околности и односи влијаат врз сегашниот живот и односите меѓу членовите на семејството. Силни страни: препознавање значајни настани од минатото, врски и околности и соодветно надминување на трауматски или шокантни искуства. Тешкотии: нерешени значајни минати настани, врски или околности што имаат значително влијание врз сегашноста и индивидуално емоционалната состојба и функционирање на семејството.

г) Стабилноста на домаќинствата се покажува со тоа како се организирани односите во домаќинството, и покрај разделбите и промените. Цврстината е во: стабилно

семејство, кое ги одржува стабилните односи и покрај сепарацијата и промената со обезбедена широка фамилијарна поддршка. Тешкотиите се: значителна нестабилност во домаќинството, нарушени односи, неодржување на врските или дестабилизирани односи со поширокото семејство.

д) Користење на третман и поддршка во заедницата. Предности: членовите на семејството користат соодветен третман и достапни ресурси на заедницата. Тешкотии: членовите на семејството не успеваат да се вклучат во третман и да ја користат социјалната поддршка или ги одбиваат соодветните услуги.

ѓ) Партнерство. Кога еден од партнерите има значителни тешкотии во родителството, другиот партнер може да му обезбеди значителна поддршка и да му помогне да ги развие своите вештини на родителство. Предности: парот се поддржува еден со друг, се почитува, верува, ги балансира наметливоста и можноста за компромис. Тешкотии: парот е изолиран, не се поддржуваат еден со друг, не си веруваат еден на други, неурамнотежени се; едно лице е изразито доминантно, а другото потчинето; можно е и високо ниво на деструктивност, парот е во „војна“ или во голем конфликт за прашања како што се контактот со детето или родителската улога.

е) Прашања на семејно насилство. Важно е да се разгледа внимателно секој аспект на семејно насилство, особено начинот на излегување накрај со семејното насилство, што е клучен фактор што влијае врз одговорот на родителите за потребите на нивните деца. Сили: ниту едно насилство или насилен партнер не го запира насилството, признава одговорност, свесен е за последиците од страна на партнерот и децата, соработува, споделува сè, мотивиран е да има промена. Тешкотии: насилниот партнер не го признава насилството, го оправдува или го минимизира, продолжува да биде насилен, не презема одговорност или вина, го игнорира влијанието врз жртвата и децата, некооперативен е, отпорен на интервенција.

ж) Природа и стабилност на функционирањето на семејството. Предности: членовите на семејството поседуваат сила и способност да комуницираат едни со други, да се слушаат и да реагираат едни на други, да изразуваат чувства и да реагираат соодветно; да се одржат позитивни семејни врски и чувство на индивидуален и семеен идентитет со текот на времето; соодветно на границите, близината и растојанието. Тешкотии: членовите на семејството имаат значителни тешкотии во јасна комуникација и

можноста да се слушаат едни со други и да реагираат на соодветен начин, да ги изразуваат емоциите позитивно; приватни сојузи, поделби или неспособности на одделни членови на семејството, негативно чувство на индивидуален и семеен идентитет.

з) Семејната организација ги исполнува основните потреби на членовите на семејството и одговара на променетите потреби и стресните случувања во текот на животните случувања. Силни страни: разумно флексибилна или стабилна семејна организација, која ги исполнува индивидуалните потреби и се приспособува на променетите околности и животни фази. Тешкотии: семејството е круто или хаотично, расеано од стрес, минимално приспособено на индивидуалните потреби, недоследно обезбедува заштита на членовите на семејството.

Универзалните потреби на децата и младите од областа на семејната историја и функционирање вклучуваат:

• поширока мрежа за поддршка;

• поттикнување на позитивниот семеен живот и родители или воспитувачи што реагираат на потребите на детето;

• развиена свесност за тоа кои се сите членови на (поширокото) семејство и за сопственото место во рамките на семејството;

• можност за заеднички активности во семејството;

• чувство на припадност, чувство на поддршка;

• стабилно семејство со позитивни семејни искуства и очекувања;

• доживување на поширока семејна мрежа и пријателства надвор од семејната мрежа;

• добри односи и односи на сигурна приврзаност со родителите, воспитувачите, браќата, сестрите и роднините.

Многу дополнителни потреби во оваа област може да имаат децата и младите:

• во семејства каде што се случила смрт на член на семејството што имал значително влијание да му помогне на поширокото семејство;

• што се социјално изолирани и имаат ограничена поддршка од семејството и од пријателите;

• од семејства во кои не се развиени сигурни врски со приврзаност и каде што има недоследност во семејните односи;

• чии семејства имаат тешкотии да ги надминат проблемите;

• чии родители или воспитувачи не се во состојба или имаат тешкотии да постават стандарди на однесување и соодветни граници;

• чии родители не им овозможуваат на своите деца соодветен надзор и поддршка;

• од семејства што немаат позитивни позиции и модели на улоги;

•во ситуации на нерешени проблеми поврзани со семејни транзиции, на пр. развод, вклучување на очув или маќеа, смрт на родител, воспитувач или други значајни лица;

• деца или млади со попреченост при воспоставување и одржување врски со другите;

• ако образованието на родителите е ниско или тие се неписмени;

• каде што се присутни негативни влијанија од семејството или група врсници, што доведува до предизвик или асоцијално однесување;

• деца или млади луѓе во конфликт со браќа, сестри и врсници;

• што имаат искуство со живеење во згрижувачко семејство или станбено сместување;

• чии родители имаат тешкотии со депресија, проблеми со менталното здравје или злоупотреба на алкохол или дрога;

• чии родители се хронично болни или инвалидни;

• чии семејства имаат лоши или слаби врски на комуникација со поширокото семејство.

Дополнителните потреби на децата и на младите во оваа област може да се решат со информации и совети за помош за идните процедури за услуги, поддршка на процесите на жалост, надминување на загубите и проблеми во однесувањето, со приклучување кон групи за поддршка, училишта за родители и слично. Може да бидат потребни и услуги и интервенции за децата и младите луѓе со проблеми во однесувањето (вклучувајќи семејно право, кривично право, пренасочување, социјално-терапевтски или социоедукативни услуги), како и упатување до други услуги во заедницата.

Потребата од специјалистичка процена и услуги во оваа област може да се појави во следниве ситуации:

- историја на криминално однесување на родителите;

- во семејните односи доминираат критиките и негативниот став – мала топлина, висока критика;
- кога родителите користат физичко казнување над она што може да се опише како „разумно“ или користат непредвидливи и неконзистентни дисциплински методи;
- детето или младата личност имаат проблем со менталното здравје кога нема ефективна поддршка од поширокото семејство или таа поддршка е деструктивна, неефикасна, повеќе критична отколку поддржувачка;
- поширокото семејство има историја или актуелни емоционални, физички или сексуални злоупотреби;
- семејството е социјално изолирано во заедницата, без оглед на причината, на пр. жртва на криминал, припадност на малцинска етничка група или култура, сериозно нарушување на менталното здравје или попреченост;
- кога постои шема на изразени семејни конфликти;
- семејно насилство;
- смрт на родител;
- родителска злоупотреба на алкохол или дрога или тешкотии во менталното здравје на родителите поради кои детето или младата личност се наоѓа во сериозен ризик од повреда или штета;
- искуство од целосно одбивање на детето од основниот воспитувач кога детето или младата личност нема очекувања дека може да добие поддршка за задоволување на своите потреби од родителите или воспитувачите, кога семејството веќе не сака да се грижи за детето или го напуштило детето или младата личност, коа детето е изложено на физичка, психолошка, сексуална злоупотреба или на занемарување;
- дете или младо лице со сериозни проблеми со приврзаност со родителите, а без поддршка од поширокото семејство.

За организирање на информацијата за семејна историја и функционирање, корисно е да се направат и семеен генограм и список на критични настани. Постојат голем број наоди што укажуваат на тоа дека родителите ја ценат проценатa што се потпира на нивното знаење, разбирање и аспирации кон иднината.

Проценатa и интервенцијата треба да се градат на силните страни на родителите, со чувствителност на индивидуалните разлики. Потребно е родителите да се гледаат како „активни носители“ наместо како „пасивни примачи“ во процесот на процена и да препознаат дека настојуваат да ги надминат стресовите поврзани со родителството. Во овие околности, на децата и на младите им е потребно стабилно семејно сместување, посвојување или згрижување или други видови формална алтернативна грижа. Исто така, децата и младите во овие ситуации можат да имаат придобивки и помош од организации што се занимаваат со семејно насилство, услуги за ментално здравје, вклучувајќи терапија за детето, родителите или воспитувачите. Во сите овие ситуации е потребен развиен индивидуализиран семеен план за континуитет за детето, како и упатување, аранжман и координација за пристап до услугата и службата во заедницата.

Прашањата што се важни за семејната историја може да се организираат во три теми:

- значајни настани во изминатата година и нивното значење за семејството;

- значителни промени во семејниот состав, искуства за време на детството и нивното значење за семејството;

- значајни настани во животот на семејството и детето, и хронологијата на значајните настани и нивното значење за семејството.

На овие три основни теми се одговара со собирање и анализа на информации за следните индикатори:

- начин на однесување во конфликтни и стресни ситуации, присуство на семејно насилство, рамнотежа на моќ, меѓузависност, вмрежување;
- процена на силата и тешкотиите на родителите, како и влијанието на отсутниот родител, односот на разведените родители и слично;
- способност за членовите на семејството да комуницираат јасно, вербално и невербално, да се изразат себеси, подготвеност и способност да ги разберат другите, можност за решавање на проблемите, слушање едни со други, правење компромиси;

- интеракциите се однесуваат на заемна поддршка и помош, доследност, доследни врски и многу повеќе;
- интеракции меѓу членовите на домаќинството, особено родителите, вклучително и браќата и сестрите и другите членови на домаќинството, што може да има влијание врз детето;
- емоционална поддршка, колку и да се членовите на семејството, треба да се смета едни на други, одговорност, доверба, почит.

Различни инструменти може да се користат за процена на семејната историја и за функционирање на проценитe:

- Скалата за семејни ресурси овозможува процена на семејните ресурси, односно како семејството ги перципира своите ресурси, за кои смета дека недостигаат и кои ресурси ги смета за соодветни.

- Се користи за снимање и разгледување на значајни настани во животот на семејството или индивидуата. Со внесувањето на податоците на права линија, брзо се собираат податоци за значајни настани во текот на семејството или индивидуата преку животниот циклус – средби со партнери, родители, средби, свадби, смртни случаи, раѓања, периоди на невработеност или болест на членовите на семејството, преселби, разводи и слично. Оваа техника помага да се утврди историјата на проблемот, времето во кое се појавил постојниот проблем и што се случило во животот на семејството или на лицето пред и откако се појавил проблемот.

- Присуството на стресни настани за семејството во текот на изминатата година може да ни даде значителни информации за тоа дали сегашните тешкотии се резултат на овие настани или на хронични семејни проблеми, како и начинот на кој тие се, засегнати. Вакви настани можат да помогнат во предвидување тековни практични материјални проблеми, емоционални проблеми како влијанието врз менталното здравје или можат да бидат сами по себе последица на претходните тешкотии во семејството, и корисно е да се разгледа нивната интеракција со други аспекти на семејното функционирање.

Поддршката од членовите на семејството може да биде емотивна, информативна или конкретна. Поширокото семејство е рамка што вклучува роднини и други лица што

имаат влијание врз детето и врз членовите на потесното семејство, без разлика дали тие се директно присутни или се географски оддалечени или умреле. Важно е да се земат предвид нивната улога и значење и за детето и за родителите. Природата на врската се нарекува блискост или критика, додека насоката на поддршка е заемна, од поширока гледна точка до семејството на детето и од семејството на детето до поширокото семејство. Влијанието на присуството на различни наставници треба внимателно да се разгледа за животот на детето и да се разбере контекстот во кој е обезбедено грижење за детето.

Бабите и дедовците и другите роднини се многубројни извори од витален карактер на финансиска, практична и емоционална помош за повеќето семејства со деца, особено оние што живеат во неповолни околности. Во неповолна положба, децата што имаат повеќе едукатори може да бидат во поголема мера изложени на можност за злоупотреба. Може да се компензираат хроничните проблеми на родителите во семејното домаќинство и да му се обезбеди на детето чувство на припадност и самопочит. Во семејства во кои еден од родителите е отсутен, потребно е да се проценат фреквенцијата на контакт на детето со тој родител и природата на односот со поширокото семејство на отсутниот родител. Децата што имаат повеќе старатели во семејството може поволно да можат да ги надоместат недостатоците или пропустите на родителите во исполнувањето на потребите. Детето може да развие блиска и безбедна врска со приврзаност со член на поширокото семејство, па дури и со пријател на родителот. Овој ресурс може да се користи во време на распаѓање на семејството и во други кризни ситуации.

Некои родители не сакаат да вклучуваат членови на поширокото семејство во решавање на своите тешкотии, дали за поширокото семејство да не знае за нивните проблеми или затоа што не очекуваат помош за тоа што им треба. Поширокото семејство може да биде значителен извор на поддршка, но исто така може да биде и извор на дополнителен стрес за семејството на детето, или може да биде незаинтересирано или да не може да најде начин до ефективна нега. Голем број студии укажуваат на фактот дека членовите на поширокото семејство се најчесто подготвени да помогнат во сериозни ситуации на тешкотија. За да се процени поширокото семејство и поддршката што семејството ја има во нивната социјална мрежа, тие можат да користат различни

инструменти за процена што ја означуваат семејната мрежа како важен фактор за поддршка и заштита за надминување на секојдневниот живот, животни задачи и за време на стресни семејни настани. Социјалната поддршка вклучува различни неформални начини на кои луѓето си помагаат едни на други: од обезбедување емоционална поддршка, совети и информации, до конкретна помош. Скалата е заснована под претпоставка дека степенот и квалитетот на поддршката и на помошта значително го намалуваат стресот, ја промовираат благосостојбата на семејството и на детето и го зголемуваат изборот на стратегии за излегување накрај. Скалата за поддршка на семејството гу мери бројот на извори и достапноста на поддршката за семејствата со деца на лица од поширокото семејство и околината[55].

2.Методолошка рамка на истражување

Во магистерската теза се почитува пристапот на квалитативно и квантитативно истражување. Елементи на квалитативно истражување се наоѓаат во содржината на применетата метода (тест), а квантитативното истражување е применето во статистичката обработка на тестот.

2.1 Формулирање на предметот и проблемот за истражување

Нагласено е дека предмет на ова истражување е разгледувањето на релациите меѓу семејната кохезија во семејства каде што има голема разлики на возраста меѓу брачните другари и семејства со вообичаени разлики меѓу сопружниците.

Основниот проблем што се разветлува е прашањето: Дали е поуспешна кохезијата во либерални или во традиционални семејства?

Под либерални семејства во овој труд се подразбираат семејства со разлика меѓу брачните партнери поголема од 10 години. Под традиционални семејства во овој труд се подразбираат оние семејства каде што разликата меѓу сопружниците е мала, т.е. е помала од 10 години.

[55] Žegarac N.(2015) Od problema do prilika u Vođenju slučaja Priručnik za praktičare- Podgorica стр.111-117

Токму во магистерскиот труд се прави обид за анализа на браковите каде што еден од партнерите е мошне постар од другиот. Секундарен проблем на научна анализа е:

- Дали ставовите и мислењата на брачните партнери кај различните бракови за феноменот кохезија и геронтофилија се исти или различни?

- Дали може од добиените резултати за семејна кохезија и во либералните и во традиционалните семејства да се оформи став за геронтофилијата или како патологија или како филозофски ерос?

Ставовите и мислењата ќе се однесуваат за патологија или ерос како теоретска оправданост.

2.2 Цели и задачи на истражувањето

Во постмодерното време сме соочени со полиберални ставови, постоење на хомогени врски, брачни парови од еден ист пол и слични „аномалии“ на модерното време. Целта на истражувањето е анализа како феноменот геронтофилија функционира во мал град, кој со себе си носи свои предрасуди и конзерватизам. Цел на истражувањето е преку информациите добиени од тестот за семејна кохезија да се добие информација дали во брачната врска на истражуваните лица има елементи на геронтофилија (како облик на патологија или филозофски ерос).

Задачи на истражување:

А. Да се даде преглед на литературата од оваа област.

Б. Да се увиди начинот на разбирање на поимите што се проучуваат во две целни групи.

В. Да се дојде до сознание дали и колку малите градови и единките во нив се подготвени за прифаќање и за менување на стереотипите и на предрасудите.

Г. Во текот на пополнување на тестовите со инспитаниците, да се даде стимул за разбирање на различната реалност во однос на поимите кохезија и геронтофилија и да се отвори умот.

2.3 Хипотези на истражување

Главни хипотези од кои се тргнува при изработката на трудот се:

Основна теза:

А. Се претпоставува дека во семејствата каде што меѓу сопружниците има 10 и повеќе години разлика постои помала семејна кохезија, а во семејствата каде што разликата е во „нормални“ граници семејната кохезија е поголема.

Секундарни тези:

Б. Постои непознавање на суштината на поимите геронтофилија и кохезија.

В. Постојат контрадикторни разлики на поимот геронтофилија и кохезија меѓу мажите и жените.

Г. Се претпоставува дека одредени единки го разбираат поимот геронтофилија повеќе како патологија, а помалку како филозофски ерос.

Д. Постојат видливи разлики во разбирањето на поимите геронтофилија и кохезија кај различни брачни парови во либералните и во традиционалните семејства.

Со наметнатите услови на спречена комуникација „очи во очи“ и слободен интерактивен разговор, можноста за набљудување се сведе на минимум. Во текот на собирањето на податоците за истражувањето се виде дека со испитаниците со голема разлика во годините како сопружници сме и добри познајници. Со оглед на фактот дека градот Св. Николе е мое родно место, веќе се насетуваа односите меѓу истражуваните брачни другари и без набљудување се добија информации типични за малограѓанска средина. Секојдневните релации полни со предрасуди во семејните врски информираа за

специфичната семејна кохезија. И слободниот разговор со испитаниците, кој многу лесно се воспостави преку друштвените мрежи, даде вредни и интересни информации.

2.4 Методи, техники и примерок на истражување

Со ова истражување се проучува проблем што во Република Северна Македонија малку е истражуван. Во овој труд се користат психолошките методи – тест за семејна кохезија и метод на слободен разговор, со можност за набљудување, кои даваат дополнителни квалитетни информации.

Метод е секоја постапка чија примена овозможува постигнување на одредена цел, во потесна смисла, мисловен и практичен процес што овозможува да се дојде до знаења за предметот на истражување. Научниот метод е сложен, систематски процес со кој се доаѓа до задоволително објаснување на испитуваните појави, неговата примена бара употреба на разни посебни методи на истражување: набљудување, мерење, експеримент, споредба[56].

Делумно се користи компаративно-полемичкиот метод меѓу две групи на интерпретација – толкување, споредбена анализа, како и критички осврт.

Од техниките што се употребени во истражувањето се добиваат примарни и секундарни информации. Примарните информации произлегуваат од тестот, додека секундарните информации што се однесуваат за геронтофилијата ќе произлезат од разговорот.

Тестот е стандардизирана постапка или техника со чија помош се предизвикува одредена активност, а потоа резултатот на таа активност се мери и се вреднува така што индивидуалниот резултат се споредува со резултатите добиени кај другите индивудуи во иста ситуација или со некоја однапред утврдена мерка критериум.

Тоа значи дека однапред се утврдени начинот, примената, бодувањето, задавањето и интерпретацијата на тестот. Задачите во тестот може да се дадени со зборови, броеви,

[56] / Mirzeta J.(2015) Doktorska disertacija „Porodična psihodinamika i kohezija kao prediktor uspjeha učenika u školi "EVROPSKI UNIVERZITET BRČKO DISTRIKT BOSNA I HERCEGOVINA PEDAGOŠKI FAKULTET стр.102

слики, цртежи или комбинирано. Во психологијата тестот се користи повеќе од сите други техники. Со добар стандадизиран тест може објективно да се утврдат карактеристиките на испитаникот. Според предметот на мерење, тестовите можат да бидат тестови на знаење, тестови на способности и тестови на личности. Според начинот на задавање, односно спроведување на тестовите, се делат на групни тестови и индивидуални тестови. Според начинот на испитување се делат на вербални и невербални тестови.

Тестирањето е стандардизирана техника со чија помош со систематски утврдени стимуланси се предизвикуваат реакции на чија основа двајца или повеќе испитаници се подредуваат по варијаблата што е предмет на мерење.

Денес најсовршени се тестовите за интелигенција. Тестовите на знаења се такви мерни инструменти со кои се испитуваат и се мерат квантитетот и квалитетот на знаењето што е веќе стекнато во текот на процесот на учење или вежбање. За конструкција на тестовите на знаења, постојат етапи за конечно изработување:

а. Составување задачи врз основа на наставната содржина која треба да се опфати во тестот (примена, разбирање, помнење, анализа, синтеза и евалуација, спојување алтернативен и повеќекратен избор, средување). Бројот на задачи да биде значително поголем во однос на оној што би се задржал во тестот.

б. Модифицирање на тестот – елиминација на задачи што не се соодветни на поставените барања и на знаењата на учениците (се двосмислени, не се доволно јасни, не одговараат по содржина и создаваат проблеми за решавање). Се врши корекција, прецизирање на времето потребно за решавање на тестот, елиминирање несоодветни задачи, корекции на упатствата и коригирање на клучот на оценување, точно одредување на редоследот на предвидените задачи.

в. Составување прелиминарни верзии на тестот што се пробува на репрезентативен примерок на испитаници.

г. Изработка на конечни верзии на тестот.

Со тестот секогаш нешто се мери, се вреднува и резултатот се изразува нумерички. Со тестовите на личноста се испитуваат особините на личноста: пријатност, отвореност

или интелект, екстраверзија, совесност, емоционална стабилност. Во зависност од тоа кој вид способности се испитуваат, тестовите се делат на тестови за испитување на интелектуалните способности, тестови на сензорни способности, тестови за испитување на психомоторните способности. За да се постигне ова, секој тест треба да има утврдени карактеристики што се во врска со функциите на мерењето: валидност, веродостојност, објективност, дискриминативност. Посебна карактеристика на сите стандаризирани тестови се нивната нормираност (баждареност) и упатството за употреба на тестот. Тестот е валиден ако е докажано дека ја мери онаа варијабла што е предмет на мерењето. Тестот на интелигенцијата е валиден ако навистина мери интелигенција, а не нешто друго. Тестот е веродостоен или доследен ако при повторните мерења дава стабилни исти или слични резултати кај истите испитаници. Тестот е дискриминативен ако е способен да ги класифицира испитаниците во однос на варијаблата што се мери со тестот, односно регистрира и мали разлики на својството што се мери. Тестот е објективен ако резултатот зависи исклучиво од присуството на својството што се мери, а не зависи од оној што мери. Баждарењето преставува постапка за трансформирање на оргиналните сурови скорови во некои други резултати, кои преставуваат систем од нови единици со утврдени статистички големини, како емпириски норми за одредена популација. За испитување за знаењето на учениците во основните и во средните училишта се користат неформални тестови, кои не ги поседуваат сите карактеристики на тестовите.

Иако тестовите многу се користат, тие немаат апсолутна вредност и резултатите што се добиени не се 100 % точни и сигурни. Иако вредноста е релативна, засега тестовите се најприменето средство за испитување на одредени особини, а особено за способностите[57].

Резултатите на истражувањето ќе бидат прикажани дескриптивно во прегледи (како извештај на феноменот геронтофилија и кохезија) и во табели. За да се потврдат основните тези посочени во планот за работа, се предвидува формирање на целни групи составени од 64 бракови (32 бракови со 10 и повеќе години разлика меѓу брачните партнери и 32 бракови со разлика помала од 10 години меѓу брачните партнери) во

[57] Ѓорѓина, Ќ. (2019) Базична методологија на научното истражување. МЦСП – Св. Николе.

мал град. Информација за бракови со 10 и повеќе години разлика меѓу сопружниците е добиена со дозвола од матичната служба во градот Св. Николе.

Примерокот што се користи е со случаен избор. Случајниот примерок е направен од 64 лица (во брак) од различен пол, возраст, образовен профил, географско потекло (рурална и градска средина), различна етничка припадност и разлика на годините во брак.

На браковите и на двата субјекта им се дава онлајн-тест за семејна кохезија. Одговорот го даваат и двата субјекти, и мажот и жената. Поради ситуацијата со пандемијата на КОВИД-9 (март 2021-?), тестот беше даден само во опција онлајн, користејќи ги можностите на информатичката технологијата. Користење на онлајн-опцијата придонесе за прифаќање и позитивен став за афирмативното решавање на тестот за семејна кохезија. Истражувањето се спроведе во градот Св. Николе со околните селски подрачја, каде што сè уште владеат стереотипи и предрасуди за сè што е семејна интима и традиционални сфаќања за многу табу-теми.

2.5 Карактеристика на место на истражување

Свети Николе се наоѓа во средишниот дел на областа Овче Поле и лежи на 305 метри надморска височина. Преку Свети Николе поминува автопатот Штип – Скопје, пуштен во употреба во 2019 година. Градот е оддалечен 28 километри северозападно од Штип, 34 километри североисточно од Велес и 40 километри јужно од Куманово. Општината зафаќа површина од 480 км^2 и според тоа се вбројува во најголемите општини во Републиката, со селски населби.

Градот Свети Николе има околу 18 000 жители. Античкото име на градот и општината Свети Николе е Пробатон. Во состав на општината влегуваат и 32 села: Алакинци, Амзабегово, Арбасанци, Богословец, Буриловци, Горно Ѓуѓанци, Горно Црнилиште, Горобинци, Делисинци, Долно Ѓуѓанци, Долно Црнилиште, Ерџелија, Кадрифаково, Кнежје, Крушица, Макреш, Малино, Мездра, Мечкуевци, Мустафино,

Немањици, Орел, Павлешенци, Патетино, Пеширово, Преод, Ранченци, Сопот, Стануловци, Стањевци, Строиманци и Трстеник.

Има индиции дека во Овче Поле бил центарот на Пеонската Држава, чиј најголем град, и седиште на пеонските кралеви, Билазора, се наоѓал во Овче Поле, во месноста Градиште (с. Кнежје). Според некои, постои една легенда поврзана за ова место: во Свети Николе постоеле околу 40 цркви. Кога Турците владееле, сите цркви биле уништени само најубава и единствена што останала билс црквата „Св. Никола“ и затоа и името на овој град е Свети Николе. Според објавената книга „Свети Николе – главната населба во Овчеполската Котлина“, името на населбата е поврзано не само со животот и делото на чудотворецот свети Никола туку и со пренесувањето на неговите мошти. Најстари жители на овие краишта биле Пајонците, кои го населувале просторот помеѓу реките Аксиј (Вардар) и Стримон (Струма). Трагите на живот во котлината се од периодот на неолитот, што е потврдено и со археолошки истражувања.

Важни институции и личности: МСУ Г. Р. Державин, црква „Св. Никола“ – главната градска и парохиска црква, Народен музеј на Свети Николе; црква „Св. Лидија“ – црква во изградба, „Мечкуевска куќа Пуже“, Кире Лазаров – македонски ракометар, Лазар Колишевски – политичар, Гордана Нацева – ракометарка…

Постои меѓународен фестивал на изворен фолклор „Тодорица“, кој се одржува секоја година и е поврзан со верскиот празник Тодорова сабота, а месното население на Свети Николе го слави како народен собор Тодорица. Популарниот панаѓур, кој трае три дена за време на празникот, претставува интересна можност за среќавање на граѓаните од градот и пошироко.Фестивалот има богата традиција, а градот станува вистински центар на изворниот фолклор, вклучувајќи ги различните етноси од Македонија и пошироко[58].

Иако во минатото немало многу иселеници, во последните 15 години забележителен број граѓани од овој крај се иселуваат во Италија, Америка, Германија, Швајцарија, како и во далечната Австралија.

[58] https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%9E%D0%BF%D1%88%D1%82%D0%B8%D0%B 05.2021

Значителен број од нив најпрвин како сезонски работници ја напуштаат Македонија, за подоцна трајно да се преселат во странство.

Поради сè поголемиот број на останати машки жители во градот и во околните села, во интерес на браковите и зголемување на наталитетот во градот се склучија многу бракови со девојки од соседна Албанија. Овие бракови најчесто се со разлика повеќе од 10 години меѓу сопружниците. Постојат и многу млади девојки што се одлучуваат за брак со момче постаро од 10 години, што е прифаќање на некаков тренд и мода. Младите момчиња што одбрале да се забавуваат со постари девојки го сметаат тоа за престиж.



Слика 3 Свети Николе

Иако жителите се традиционални и мирни, младината се буди и прифаќа постмодерни курсеви.
Овие карактеристики на градот беа корисни од аспект на темата за магистерскиот труд.

3. Резултати и интерпретација на податоците

Како што е нагласено, главното прашање во истражувањето се однесува на нивото на семејна кохезија во традиционалните и во либералните семејства.

Податоците од употребен тест под наслов FACES III се обработени со статистичката програма SPSS Statistics 19.

Прикажани се резултати од дескриптивна анализа и од инференцијална статистика – значајност на разлики меѓу зависни и независни примероци.

Табела бр. 1 Просечни вредности на скалата FACES III (либерални семејства – 10 и повеќе години разлика меѓу сопружниците).

Реална состојба (аритметичка средина)	**Тврдење**	**Идеална состојба (аритметичка средина)**
3.58	Членовите на семејството бараат помош едни од други.	**4.12**
2.83	Во решавањето на проблемите се усвојуваат детските предлози.	**3.26**
3.03	Го одобруваме изборот на пријатели на секој член на семејството.	**3.42**
3.42	Го почитуваме зборот на децата во нивното воспитување.	**3.58**
3.16	Сакаме да извршуваме работи само со своето најтесно семејство.	**3.68**
2.48	Различни личности се појавуваат како водачи во нашето семејство.	**2.71**
3.84	Членовите на семејството меѓу себе се чувствуваат поблиски отколку со луѓето надвор од семејството.	**3.55**
2.64	Нашето семејство го менува начинот на кој ги извршува задолженијата.	**3**
3.52	Членовите на семејството сакаат заедно да го минуваат слободното време.	**4.13**

2.90	Родителите и децата заедно расправаат за казнувањето.	**3.74**
3.74	Членовите на семејството се чувствуваат меѓусебно многу блиски.	**4.16**
2.13	Децата ги донесуваат одлуките во нашето семејство.	**2.52**
3.22	Кога нашето семејство ќе се собере нешто да работи, сите се присутни.	**3.58**
3.42	Правилата се менуваат во нашето семејство.	**3.03**
3.68	Лесно ни е да замислиме работи што можеме да ги направиме заедно како семејство.	**3.81**
3.22	Се менуваме во извршување на домашните.	**3.71**
2.90	Членовите на семејството се советуваат со другите членови на семејството во врска со своите одлуки.	**3.62**
2.84	Тешко е да се одреди кој е водач во нашето семејство.	**3.13**
4.61	Семејното заедништво е многу важно.	**4.64**
3.13	Тешко е да се каже кој извршува која домашна работа.	**2.64**

На оваа табела се прикажани артметичките средини за секое од тврдењата Просек од 1 до 5 (одговорите се од 1 до 5) е 3 за сите вредности и за реалната и за идеалната состојба.

Како што гледаме, најмногу оддалечени од идеалната состојба се тврдењата:

- Членовите на семејство бараат помош едни од други.

- Во решавање на проблемите се усвојуваат детските предлози.

- Сакаме да извршуваме работи само со своето најтесно семејство.

- Членовите на семејството сакаат заедно да го минуваат слободното време.

- Родителите и децата заедно расправаат за казнувањето.

- Членовите на семејството се советуваат со другите членови на семејството во врска со своите одлуки.

Според резултатите од спроведена анкета во либералните семејства, се забележува тенденција за самостојно функционирање на секој член, ограничена е помошта еден на друг. Сепак, во семејствата каде што сопружниците се со 10 и повеќе години разлика во возраст постојат состојби што ја надминуваат идеалната слика за кохезија. Како ќе се интерпретираат следните тврдења?

- Членовите на семејството меѓу себе се чувствуваат поблиски,ж отколку со луѓето надвор од семејството.

- Правилата се менуваат во нашето семејство.

- Тешко е да се каже кој извршува која домашна работа.

Најверојатно и ако во либералните семејства постои желба за самостојно функционирање на нивните членови, постои и чувство на припадност токму во групата што ја сочинува семејството.

Табела бр. 2 Статистичка значајност на разлики (t-тест за повторени мерки) за 10 и повеќе години разлика меѓу сопружниците

Paired Samples Statistics					
		Mean	N	Std. Deviation	Std. Error Mean
Pair 1	realna_10	64.32	31	12.568	2.257
	idealna_10	70.10	31	12.528	2.250

Paired Samples Correlations				
		N	Correlation	Sig.
Pair 1	realna_10 & idealna_10	31	.831	.000

Paired Samples Test									
		Paired Differences							
					95% Confidence Interval of the Difference				
		Mean	Std. Deviation	Std. Error Mean	Lower	Upper	T	df	Sig. (2-tailed)
Pair 1	realna_10 - idealna_10	-5.774	7.297	1.311	-8.451	-3.098	-4.406	30	.000

Во табелата број 2 е направен тест на независни примероци бидејќи имаме ист примерок со повторени мерки, еднаш за реална и еднаш за идеална состојба. Вкупен просечен скор е пресметан за две состојби – реална и идеална. Тестот покажува статистички значајна разлика меѓу двете процени за групата испитаници – над 10 години во брак. Тоа статистички се бележи на следниот начин п ;0.01

Табела бр. 3 Просечни вредности на скалата FACES III (традиционални семејства)

Реална состојба (аритметичка средина)	**Тврдење**	
4.16	Членовите на семејството бараат помош едни од други.	
3.13	Во решавањето на проблемите се усвојуваат детските предлози.	**Идеална состојба (аритметичка средина)**
3.48	Го одобруваме изборот на пријатели на секој член на семејството.	**4.84**
3.87	Го почитуваме зборот на децата во нивното воспитување.	**4.32**

3.45	Сакаме да извршуваме работи само со своето најтесно семејство.	**3.81**
2.71	Различни личности се појавуваат како водачи во нашето семејство.	**3.26**
4.29	Членовите на семејството меѓу себе се чувствуваат поблиски отколку со луѓето надвор од семејството.	**4.65**
3.29	Нашето семејство го менува начинот на кој ги извршува задолженијата.	**3.90**
3.71	Членовите на семејството сакаат заедно	**4.55**

	да го минуваат слободното време.	
3.29	Родителите и децата заедно расправаат за казнувањето.	**4.39**
4.19	Членовите на семејството се чувствуваат меѓусебно многу блиски.	**4.84**
2.84	Децата ги донесуваат одлуките во нашето семејство.	**2.97**
3.68	Кога нашето семејство ќе се собере нешто да работи, сите се присутни.	**4.58**
3.10	Правилата се менуваат во нашето семејство.	**3.35**
3.87	Лесно ни е да замислиме работи што	**4.74**

	можеме да ги направиме заедно како семејство.	
3.35	Се менуваме во извршување на домашните работи.	**4.39**
3.81	Членовите на семејството се советуваат со другите членови на семејството во врска со своите одлуки.	**4.35**
3.52	Тешко е да се одреди кој е водач во нашето семејство.	**4**
4.81	Семејното заедништво е многу важно.	**4.97**
3.10	Тешко е да се каже кој извршува која домашна работа.	**3.97**

Во табела 3 е прикажана група со вообичаени разлики за возраст меѓу сопружниците

Табела бр. 4 Статистичка значајност на разлики (t-тест за повторени мерки) за „нормални семејства“

Paired Samples Statistics					
		Mean	N	Std. Deviation	Std. Error Mean
Pair 1	realna_norm	71.65	31	11.008	1.977
	idealna_norm	83.61	31	8.057	1.447

Paired Samples Correlations				
		N	Correlation	Sig.
Pair 1	realna_norm & idealna_norm	31	.191	.303

Paired Samples Test

	Paired Differences					t	df	Sig. (2-tailed)
	Mean	Std. Deviation	Std. Error Mean	95% Confidence Interval of the Difference				
				Lower	Upper			
Pair 1 realna_norm - idealna_norm	-11.968	12.336	2.216	-16.492	-7.443	-5.402	30	.000

Табела бр. 5 Статистички значајни разлики меѓу семејства со 10 и повеќе години разлика меѓу сопружниците и традиционални семејства (t – тест за независни примероци) - реална состојба

Difference	7.330
Standard error	3.000
95% CI	1.3291 to 13.3309
t-statistic	2.443
DF	60
Significance level	P < 0.05

Овде се направи t (те) тест за независни примероци бидејќи се споредувани два различни примерока, едниот за над 10 години брак и другиот за традиционални семејства. Првата табела се однесува на реалната состојба, а втората на идеалната.

И во двата случаја има статистички значајна разлика меѓу групите, при што првите две се значајни на ниво p<0.05, а вторите две на ниво p <0.01.

Табела бр.6 Статистички значајни разлики меѓу семејства со 10 и повеќе години разлика меѓу сопружниците и традиционални семејства (t – тест за независни примероци) – идеална состојба

Difference	13.510
Standard error	2.676
95% CI	8.1575 to 18.8625

t-statistic	5.049
DF	60
Significance level	P < 0.0001

Рефлексии од примена на методот на слободен разговор

Разговорот беше ограничен од низа причини. Поради специфичноста со пандемијата, се ускрати можноста да се воспостави личен контакт со испитаниците. Разговорот мораше да се направи онлајн преку друштвените мрежи. Пред да се реши тестот, се разговараше со испитаниците за да се предочат темата и новите термини што помогнаа во одговорите. Во текот на неформалниот разговор во врска со видот и посочената тема од тестот се забележа дека не се доволно јасни термините кохезија. ,геронтофилија, патологија.

Многу важен дел од магистерскиот труд е поттикнување за менување на стереотипите, предрасудите и реалноста што се покажува во ново светло со новите феномени.

Поради задачата на истражувањето, се дојде до сознание дека феноменот геронтофилија е присутен во свеста, но е анатемисан од жителите во малиот град. Жителите не беа сигурни што се крие во овој феномен, но јасно постоеше во свеста, иако беше потиснат. Изненадувачка е флоскулата дадена од еден испитаник дека во минатите времиња во селските околни места, браковите се склучувале токму од овој принцип – Тој може, таа знае!

Се барало оправдување за големата разлика меѓу мажот и жената, најчесто оправдана од практичната потреба жената да знае да раѓа, да работи, да се грижи за семејството.

Кај жената како да бил умот, а кај мажот физичката сила. Тие семејства биле успешни и прифатени токму поради реалната потреба и владеење со ситуацијата.

Малите градови не се подготвени јавно да прифатат и да менуваат стереотипи и предрасуди, и покрај констатацијата за постоен феномен. Со фактот дека во сегашната реалност постои (се гледа од испитаниците каде разликата е поголема од 10 год) и постоело и во минатото како феномен (од искуството на старите предци на испитаниците) се констатира дека геронтофилијата е веќе виден феномен. Дали е јавен или таен (во практика, остварен), прифатен или не, воопшто не го оспорува постоењето на овој феномен. Денес се налага потребата сè погласно и појавно да се зборува за феноменот геронтофилија.

Во текот на решавањето на психолошкиот тест и подготовката за него (во вид на разговор меѓу сопружниците), се констатира дека нема контрадикторни разлики на поимите геронтофилија и кохезија меѓу мажите и жените. И едните и другире подеднакво го решаваа тестот и сите или имаа или немаа спротивставени разлики за феноменот геронтофилија и кохезија.

Заклучок

Проблемот на геронтофилијата на овие простори многу малку е разгледуван. Се надевам дека со магистерскиот труд се даваат примарни информации за феноменот, кој постои и на овие простори. Во рамките на севкупната популација постои старо население и проблемот на геронтофилијата ќе биде уште позначаен. Од различните аспекти од кои може да се разгледува феноменот геронтофилија, беа посочени два битни аспекти:

1. Дали геронтофилијата е ерос или патологија?

2. Феноменот на семејната кохезија кај либералните и традиционалните бракови, т.е. оние бракови каде што меѓу сопружниците има разлика повеќе или помалку од 10 години.

Истражувањата се реализираа во мал град каде што доминираат конзерватизам и традиционални ставови. Тргувајќи од овој факт, очекувано беше геронтофилијата да се сфати како патологија.

Во однос на другиот проблем од феноменот геронтофилија, кој се разгледуваше од аспект на семејната кохезија, се заклучи дека семејната кохезија е поприсутна во традиционалните семејства отколку во либералните семејства.

Од аспект на мој личен став, ги наведувам следните констатации:

- Во овој магистерски труд се потврдува она што реално постои иако е скриено зад „нормалното“.

- Фактот дека феноменот не им пречи на брачните партнери и солидно функционира, брачната кохезија ги негира туѓиот став, предрасуда и стереотип.

- Ставот „Живеј и пушти ги другите да живеат – сè додека не го загрозуваат твојот и нечиј друг живот“, е прифатлив став на луѓе со отворен ум, каде што се толерира различноста. Можеби убавината на животот е токму во различностите.

- Во текот на истражувањето, тргнувајќи од основната хипотеза дека во семејствата со 10 и повеќе години разлика меѓу сопружниците има помала семејна кохезија, мое мислење е дека и не е секогаш така. Кохезијата може во некои семејства од овој вид да е, напротив, поголема и да е резултат на заштитничка улога на еден од партнерите, а другиот свесно одбрал да биде заштитен. Изборот е личен став и придонел за успешни семејни односи.

- Во нормалните семејства, каде што разликата е во нормални граници и реално се очекуваше поголема кохезија, во некои од семејствата семејната кохезија е разнишана поради желбата и ставот двајцата сопружници да имаат авторитетна позиција каде што би ја искажале својата доминантност.

- Во либералните бракови не постојат стереотипи, предрасуди и осуда за различностите што постојат во семејствата. Сопружниците во либералните семејства се

доволно едуцирани или толерантни, задоволни со својот живот и не ги засегаат туѓиот живот и среќа.

- Во традиционалните семејства сè уште постојат предрасуди и негирање на се што е различно. По навика и несвесно се критикува сето она што отскокнува од нормалното, па макар и да е подобро од нормалното. Чудни се луѓето во своите желби за осуда, критика и неприфаќање. Новите модерни трендови можеби ќе ги разбудат заспаните интереси да се погледне од другата страна, каде што би можело да има и друга вистина или барем да се размисли дека има и друга вистина.

- Претпоставката дека поимот геронтофилија е патологија ја потврди хипотезата како теорија, но мое видување е дека во реалноста нема воопшто патологија.

- Ставот дека геронтофилијата е желба за филозофски ерос (каде што се учи за животот и љубовта) се потврди и во реалноста. Од истражувањето се заклучи дека геронтофилијата постои секогаш, но малку е истражувана поради ставот дека е патологија, а не ерос.

****

Препораки како резултат на заклучоците (препораки за понатамошни истражувања и препораки за подобрување на проблематиката)

Проблематиката што се разгледува во овој магистерски труд е премалку застапена во научната и во стручната литература во светот и во Македонија. Сепак, сведоци сме на сè поголем број луѓе што воспоставуваат врски иако нивните години се различни и разликите се очигледни. Повикувајќи се на човековите права, не треба да нè интересира кој со кого се дружи, со кого се љуби, со кого стапува во брак. Но проблем се децата што се јавуваат во брачните релации. Ова истражување покажа дека семејната кохезија е поголема во традиционалните семејства, додека во либералните семејства не постои очекувано силна врска меѓу родителите и децата.

Појавата на геронтофилијата е присутна и ќе биде присутна во релациите меѓу луѓето, особено кога ќе се земе во предвид фактот на стареење на човечката популација на Земјината топка. Од друга страна, восхитот кон постарите, паметни луѓе се коси со појавата на агизам (агизам е стереотипизација или дискриминација на поединци или групи врз основа на нивната возраст, во која има сексизам и расизам). Терминот агизам како лош, омразен однос кон стари луѓе го дал Роберт Нил Батлер во 1969 година. Постмодерниот човек поставува хуманистичко прашање: Која од двете спротивставени ставови на геронтофилија или агизам ќе заземе поубедливо место или победа во човечката популација?

Последните настани поврзани со пандемијата со КОВИД-19 не ни даваат јасни информации за односот на државите и на светските организации кон старата популација. Се појавија различни размислувања дека на старите луѓе намерно им се скратува животниот век, а од друга страна во многу држави се забележува зголемен хуманистички однос кон старите луѓе. Во тој контекст, како препорака за подобрување на состојбите може да се посочат идеите за истото третирање на младите и старите во здравствените, образовните, културните и други установи.

Во овој магистерски труд се дојде до заклучок дека во однос на геронтофилијата имаме различни мислења. Сепак, преовладува ставот дека таа повеќе е патологија, а помалку ерос. Тоа се должи на фактот што традиционалните семејства постојат од времето на формирани човечки заедници, додека либералните семејства токму сега наоѓаат плодна почва. Иднината е отворена, од нас зависи каков свет ќе градиме.

Литература

Наслови од книги од странски и домашни автори:

1. Beckman P. (1991) Comparison of mothers' and fathers' perceptions of the effect of young children with and without disabilities. American Journal of Mental Retardation 1991; 95: 585-595. 138
2. Brigitte Vetter: *Sexualität: Störungen, Abweichungen, Transsexualität.* Schattauer, Stuttgart 2007 S. 245.
3. Deimling G, Smerglia V, Schaefer M. The Impact of Family Environment and DecisionMaking Satisfaction on Caregiver Depression, Journal of Aging and Health, Sage Publications, Inc 2001; 13(1):47-71.
4. Erdman Ballagh Palmore: Ageism: Negative and Positive. Springer Publishing Company, 1999, (p. 45.)
5. Gray DE. (1994). Coping with autism, Stresses and strategies. Sociology of Health &Illness 1994;16: 275-300
6. Goulbourne, H.(2010) Transnational Families: Ethnicities, Identities and Social Capital. London: Routledge,2010.
7. Good, P., & Burstein, J. (2012). Hebephilia and the construction of a fictitious diagnosis. Journal of Nervous & Mental Disease, 200(6), 492-494.
8. Hinderliter, A. C. (2010). Defining paraphilia in DSM-5: Do not disregard grammar. Journal of Sex & Marital Therapy, 37(1), 17-31.
9. Janssen, D. F. (2014). How to "ascertain" paraphilia? An etymological hint. Archives of Sexual Behavior. DOI: 10.1007/s10508-013-0251
10. Lessenberry BM, Rehfeldt, RA.(2004) Evaluating stress levels of parents of children with disabilities. s231-244
11. McDaniel SH, Pisani A (2005) "Interpersonal Relationships". Clinical Guide to the WHO International Classification of Functioning, Disability. American Psychological Assocation Publications . 569:590
12. Kogan MD, Strickland BB, Blumberg и др.. A National profile of the health care experiences and family impact of autism spectrum disorder among children in the United States. Journal of the American Academy of Pediatrics 2008; 122 (6):1148–1159

13. Kennelly, S., O'Neill, D., & O'Brien, J. (2011).The lancet
14. Kutzinski, A. (1930). Über Gerontophilie. Monatsschrift für Psychiatrie und Neurologie, 74, 86-94.
15. McCubbin H, Larson A, Olson D. F-COPES Family Crisis Oriented Personal Scales. In H. McCubbin & A. Thompson (Eds.), Family assessment inventories for research and practice. Madison, WI: University of Wisconsin, Madison; 1987.
16. Mohammed Nasimul Islam, Khoo Lay See, Lai Chin Ting, Jesmine Khan: *PATTERN OF SEXUAL OFFENCES ATTENDED AT ACCIDENT AND EMERGENCY DEPARTMENT OF HUSM FROM YEAR 2000 TO 2003: A RETROSPECTIVE STUDY.* In: *Malaysian Journal of Medical Sciences.* Vol. 13, No. 1, Januar 2006
17. Potter, N. N. (2013). Philosophical issues in the paraphilias. Current Opinion in Psychiatry, 26(6), 586-592.
18. K. J. Peak: Things fearful to name: An overview of sex crimes and perversions. In: Journal of Contemporary of Criminal Justice. 12(2), 1996, S. 204–214
19. Symon JB. (2001) .Parent education for autism: Issues in providing services at a distance. Journal of Positive Behavior Interventions 2001; 3:160-174.
20. Stephen T. Holmes, Ronald M. Holmes: Sex Crimes: Patterns and Behavior. SAGE,2007 (p. 87)
21. Thomson E, McLanahan SS (1992), Curtin RB. Family Structure, Gender, and Parental Socialization.368-378.
22. Marković, J., i sar.: Karakteristike funkcionisanja porodica zavisnika koji su na programu supstitucione terapije metadonom -Specijalna edukacija i rehabilitacija (Beograd), Vol. 14, br. 2. 211-230, 2015 стр.2 и стр.4
23. Mirzeta J.(2015) Doktorska disertacija „Porodična psihodinamika i kohezija kao prediktor uspjeha učenika u školi "EVROPSKI UNIVERZITET BRČKO DISTRIKT BOSNA I HERCEGOVINA PEDAGOŠKI FAKULTET стр.5-13, стр.102, стр.133
24. Kaljević M. (2011) Emocionalna povezanost i adaptabilnost u porodicama . Sociološka luča V/2 Filozofski fakultet Nikšić стр.44-46
25. Žegarac N.(2015) Od problema do prilika u Vođenju slučaja Priručnik za praktičare-Podgorica стр.111-117

26. Борнарова, С. (.2014) Семејна политика, Скопје, Филозофски факултет, Скопје, стр. 19-21 и стр. 21-25.
27. Костова М., Бараковска А., Маказлиева Е., 2005, Педагогија за трета година, Просветно дело, Скопје, стр. 134-138.
28. Трајкова Г., 2010, Граѓанско образование за средни стручни училишта, Графички центар, Скопје, стр. 38-40
29. Ѓорѓина Ќ. (2019) Базична методологија на научното истражување МЦСП - Св. Николе.
30. Чадловски, Г. (2000). Психијатриско-дијагностички тераписки прирачник. Просветно дело, Скопје.

Интернет-извори:

1. http://www.sexual-offender-treatment.org/130.html
2. https://educalingo.com/en/dic-en/gerontophilia
3. https://www.penzin.rs/gerontofilija-kao-seksualni-poremecaj/
4. https://mk.warbletoncouncil.org/gerontofilia-3046
5. https://www.agevillage.com/actualites/5938-1-gerontophilie-et-abus-sexuels-en-maison-de-retraite
6. https://www.enciklopedija.hr/natuknica.aspx?id=21812
7. http://scielo.sld.cu/scielo.php?script=sci_arttext&pid=S1684-18242011000500004&lng=es&nrm=iso&tlng=es
8. https://sr.ramadamoa.com/gerontophilia
9. https://ndom57.ru/bs/problemy-beremennyh/gerontofiliya/
10. https://blogs.scientificamerican.com/bering-in-mind/everlasting-beauty-a-sexual-attraction-to-the-elderly/
11. http://www.sexual-offender-treatment.org/130.html
12. https://en.m.wikipedia.org/wiki/Gerontophilia

13. https://en.m.wikipedia.org/wiki/Richard_Freiherr_von_Krafft-Ebing
14. https://en.m.wikipedia.org/wiki/Psychopathia_Sexualis
15. https://journals.sagepub.com/doi/abs/10.1177/002580249103100204
16. https://vymaps.com/MK/-Quantum-Medicine-Kvantna-Medicina-10150375938596330/
17. https://ajlota.ru/seks/9610-ko%D1%98-e-gerontofil-i-kako-da-ne-stane-zhrtva-na.html
18. https://mk.warbletoncouncil.org/gerontofilia-3805
19. https://mk.unistica.com/category/
20. https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%9E%D0%BF%D1%88%D1%82%D0%B8%D0%B
21. http://ekstrazabava.weebly.com/108710721088107210921080108310801112107 2-1080-109210771090108010961080.html
22. https://www.ncbi.nlm.nih.gov/pmc/articles/PMC4595948/
23. https://en.wikipedia.org/wiki/Gerontophilia_(film)

Прилози

D.Olson и сор. FACES III – трета ревидирана форма

Внимателно прочитајте ги следните реченици и со помош на постапната скала определете во колкава мера тие се однесуваат на вашето семејство.

Потоа, соответниот број од скалата за секоја реченица впишете го пред секоја од реченициите.

1	2	3	4	5
речиси никогаш	**ретко**	**понекогаш**	**често**	**речиси секогаш**

ОПИШЕТЕ ГО СВОЕТО СЕМЕЈСТВО:

_____ 1. Членовите на семејството бараат помош едни од други.
_____ 2. Во решавањето на проблемите се усвојуваат детските предлози .
_____ 3. Го одобруваме изборот на пријатели на секој член на семејството.
_____ 4. Го почитуваме зборот на децата во нивното воспитување.
_____ 5. Сакаме да извршуваме работи само со своето најтесно семејство.
_____ 6. Различни личности се појавуваат како водачи во нашето семејство.
_____ 7. Членовите на семејството меѓу себе се чувствуваат поблиски отколку со луѓето надвор од семејството.
_____ 8. Нашето семејство го менува начинот на кој ги извршува задолженијата.
_____ 9. Членовите на семејството сакаат заедно да го минуваат слободното време.

_____ 10. Родителите и децата заедно расправаат за казнувањето.

_____ 11. Членовите на семејството се чувствуваат меѓусебно многу блиски.

_____ 12. Децата ги донесуваат одлуките во нашето семејство.

_____ 13. Кога нашето семејство ќе се собере нешто да работи, сите се присутни.

_____ 14. Правилата се менуваат во нашето семејство.

_____ 15. Лесно ни е да замислиме работи кои можеме да ги направиме заедно како семејство.

_____ 16. Се менуваме во извршување на домашните работи.

_____ 17. Членовите на семејството се советуваат со другите членови на семејството во врска со своите одлуки.

_____ 18. Тешко е да се одреди кој е водач во нашето семејство.

_____ 19. Семејното заедништво е многу важно.

_____ 20. Тешко е да се каже кој извршува која домашна работа.

1	2	3	4	5
речиси никогаш	**ретко**	**понекогаш**	**често**	**речиси секогаш**

Опишете како би сакале ИДЕАЛНО ДА ИЗГЛЕДА вашето семејство, користејќи ги следните реченици:

_____21. Членовите на семејството би барале помош едни од други.

_____22. Во решавањето на проблемите би се усвојувале детските предлози.

_____23. Би се одобрувал изборот на пријатели на секој член на семејството.

_____24. Би се почитувал зборот на децата во нивното воспитување.

_____25. Би сакале да извршуваме работи само со своето најтесно семејство.

_____26. Различни личности би се појавувале како водачи во нашето семејство.

_____27. Членовите на семејството меѓу себе би се чувствувале поблиски отколку со луѓето надвор од семејството.

_____ 28. Нашето семејство би го менувало начинот на кој ги извршува задолженијата.

_____ 29. Членовите на семејството би сакале заедно да го минуваат слободното време.

_____30. Родителите и децата заедно би расправале за казнувањето.

_____31. Членовите на семејството би се чувствувале меѓусебно многу блиски.

_____ 32. Децата би ги донесувале одлуките во нашето семејство.

_____ 33. Кога нашето семејство би се собрало нешто да работи, сите би биле присутни.

_____34. Правилата би се менувале во нашето семејство.

_____35. Би ни било лесно да замислиме работи што би можеле да ги направиме заедно како семејство.

_____36. Би се менувале во извршување на домашните работи.

_____37. Членовите на семејството би се советувале со другите членови на семејството во врска со своите одлуки.

_____38. Би било тешко да се одреди кој е водач во нашето семејство.

_____ 39. Семејното заедништво би било многу важно.

_____ 40. Тешко би било да се каже кој извршува која домашна работа.